# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk

Година VI, број 56 ISSN 1857-7660 29 март 2013 година


NLB Тутунска банка



**Воведник**

## Поразно искуство

**Методија Ст. Тошевски**
**главен и одговорен уредник**

На оваа тема некои професори можат многу повеќе да кажат. Немам особени предзнаења за теоретско третирање на функциите и целите на политичкото здружување и улогата на политичките партии. Ќе изнесам некои мои лаички размислувања, кои ги сфатив откако запливавме во водите на повеќепартизмот со појавата на мноштво политички партии. Во суштина, за тоа, зашто нивната наказна улога и активност почна да ја разнебитува државата по сите основи.

Се надевам дека ова нема да биде протолкувано како некоја жалопојка по поранешниот еднопартиски систем. Немам такви оптоварувања. Но имам, други, и тоа големи. Кога во 1990 година на еден состанок во Клубот на пратениците во услови на економска блокада на Република Македонија од грчката држава (!) се договараше увозот на танкер пченица што требаше да го финансира еден американски Македонец, во паузата г-дин Стојан Андов ме праша на која партија ќе бидам член, му одговорив: „На Македонија". Нема таква партија, сериозно ми рече Андов! И тука заврши муабетот. А тогаш се формираа партиите, да не ги редам сите, веќе се сеќавате.

Во таа прилика, иако мојот одговор имаше длабока порака, ни во еден миг не бев сигурен дека тој одговор го задоволи соговорникот, или дека на ист начин го сфаќавме значењето на одговорот. Денес ми е сосема јасно, и сигурен сум дека тогаш не грешев.

Подоцна во моите лаички сфаќања на улогата на повеќепартизмот и на одделните партии во нашата држава, за среќа или за жал, не настана голема промена. Наместо политички партии во Република Македонија (да не речам и во околните земји) се формираа племенски партии, партии без идеолошко социјално-економска компонента како своја основа. Идеолошката компонента како платформа на социо-економските цели и карактеристики на партиите во Република Македонија (на основа на кои базично ќе се регрутира или ќе се диференцира членството во своите преференции кон социо-економските и политичките програми на партиите) беа оставени на маргините на нивното политичко дејствување. Партиите избраа и применија многу лесен, но многу погубен менаџмент во својата активност. И не само тоа. Тој менаџмент го практикуваа дозирано, само во оние фази кога социо-економската положба на нивното членство, или на членството на опозициските партии драстично се влошуваше. Тогаш, и не заради грижата за положбата на членството, ами заради теснопартискиот интерес на партиските врхушки се активираа органите и механизмите на партиите. Но, и во овие прилики, тежишни прашања на нивната активност не станува социо-економските теми, ами темите сврзани со националната (во овој контекст на националистичката) положба на народот или народносните групи за кои наводно се грижат.

Се надевам дека правилно ќе бидат протолкувани овие опсервации. Во ниеден случај не мислам дека националните теми не треба да бидат дел од репертоарот на активноста на партиите. Но, во една етаблирана држава во која овие прашања имаа своја нагорна уставна и развојна генеза во внатрешните односи, целата енергија да се исцрпува и троши на овие теми, е злосторство пред народот, пред државата, на крајот и пред Бога, независно што и него го вративме од мртвите. Да кукаме сега, дека такви биле околностите, условите, трансформацијата на општеството, нашите искуства и слично, е залудна работа. Во овој момент ниедна партија не се поместува од своите ровови да даде иницијатива за прегрупирање на целите на политичките партии, на нивната социо-економска идеолошка основа. Ниедна партија не ги преферира приоритетите на таа сфера. Се знае дека во едно мултиетничко и мулти културно општество диференцирањето на партиите по етничка основа уште повеќе ги продлабочуваат разликите меѓу етникумите. Конфронтацијата расте не само по линиите на етничкото, туку и по линиите на социо-економската положба на луѓето.

Партиите во Република Маќедонија час побрзо се должни да ги преоценат своите програми и политички ориентации и цели. Тие се должни да понудат социо-економски и политички програми еднакво прифатливи за сите етникуми, за сите социјални групи, за сите економски субјекти. Република Македонија има доволно сопствени економски ресурси, кои во соодветна комбинација и ефикасна размена со економиите надвор од државата, успешно можат да ги надминат моменталните полукризни или кризни економски состојби. Битно е дека треба да се пренасочи енергијата покрај од стручните, и од политичките фактори во државата, кон социо-економските цели.

Може ли да претпостават водствата на било која политичка партија, каква политичка сила би настанала ако се дефинираат заедники социо-екомски и политички цели и се формираат најмалку две партии со заедничко членство од македонска и албанска провиниенција, односно со членство од различните етникуми. Таквата политичка партија би можела, со поддршка на своето членство, подобрувајќи ги, и надминувајќи ги економските тешкотии многу полесно да ги решава и политичните прашања од интерес на различните етникуми во државата. Тогаш и економските, и политичките аспекти на активноста на политичките партии би станале полесно приемливи за членството, за политичките и за државните фактори во општеството.

Една партија, еден ден, порано или подоцна, ќе го направи, или ќе мора да го направи овој чекор. Кој ќе биде прв, ќе има можност да ја придобие довербата на граѓаните, и на пензионерите како заинтересирана социјална група. Дури тогаш може да се развива и применува граѓанскиот концепт на државното уредување, независно колку сегашните уставни решенија го претпоставуваат тоа. Ако стратификацијата на партиите не прерасне во стратификација на политичките партии, во општеството ќе се занимаваме со јалови работи на штета на сите (?), а ќе трпи развојот на државата, и стандардот на народот (не велам на граѓаните!)

Ова погоре изнесено, не е откривање на Америка. Америка е откриена пред 500 години. Ќе чекаме ли ние нови 500 години за да се откриеме себе си? Најголемиот број на политички неопределени (или „идиоти" како што милуваше да ги оквалификува еден политички експерт) лица, независно дали се тоа земјоделци, пензионери, интелектуалци, или други социјални групи, не сакаат да се конфронтираат на етничка основа. Ако партиите станат политички партии и понудат избор на социо-економски програми, тогаш повеќе граѓани, политички ќе се активираат, оти ќе имаат што да изберат од понудените податливи економски програми, не програми за племенски надмудрувања. Така ќе го искажуваат својот интерес како свесни индивидуи, а не како припадници на времени конјуктури. Да имав можност би го направил ова одамна. Но, и покренувањето на прашањето го сметам за можност. Инаку не би го напишал ова, независно дали ќе биде отфрлено, и од која страна.

Во ваква ситуација, сѐ уште не можам на г-дин Андов да му одговорам конкретно на која политичка партија ќе и пристапам. И не само јас.



Министрите Зоран Ставрески и Спиро Ристовски во посета на СЗПМ

## Реализација на ветеното

Доследноста во ветувањата на премиерот и на министрите доби свој континуитет и низ повеќето средби и договори кои Владата и министерствата ги имаа во изминатиот период со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија за подобрување на стандардот на пензионерите.

На 6-ти овој месец, заменикот на претседателот на Владата и министер за финансии Зоран Ставрески и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски, имаа средба со раководството на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, во седиштето на Сојузот, при што информираа дека околу 286 илјади пензионери го добија ветеното зголемување на пензиите и на нивните сметки се уплатени средствата за февруарската пензија која е зголемена за 550 денари, линеарно за секој пензионер.

Министерот Ставрески потенцираше дека зголемувањето на пензиите е целосно вклопено во проекциите на Буџетот за 2013 година и дека пензионерите можат да бидат спокојни, затоа што секој месец навреме и понатаму ќе ги добиваат пензиите и тоа зголемени за наведениот износ.

„На тој начин директно го помагаме животниот стандард на пензионерите. Секако, средствата никогаш не се доволни, но секое зголемување во вакви тешки времиња значи многу. Ние тоа го ветивме и го реализиравме", изјави Ставрески.

Од 2006 година досега, вкупното зголемување на пензиите изнесува 42,3%. Просечната пензија во 2006 година изнесуваше 7,463 денари, а во февруари 2013 година 11,500 денари, односно со зголемување за околу 54 %. Најнискиот износ на пензија во 2006 година изнесуваше 3,918,50 денари, а минатиот месец беше 6,445 денари, односно со зголемување за 64,5%! Тој најави дека Владата ќе продолжи со политиките за зголемување на пензиите. Во 2014 и 2015 година се планирани нови покачувања, се разбира доколку општите економски услови го овозможат тоа.

Министерот Ставрески потсети дека, освен зголемувањето на пензиите, во изминатиот период се реализирани и повеќе мерки со кои се подобруваат условите за живот на пензионерите како што се: намалувањето на цените на лековите, обезбедувањето на бесплатниот престој во болниците, бесплатниот јавен превоз, како и бесплатна банско-климатска рекреација.

Министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски на средбата потенцираше дека Македонија е една од ретките земји во која има пораст на висината на пензиите, за разлика од други држави каде што има нивно намалување или замрзнување. Фактот што во Македонија не е така, е јасен показател за добрите економски политики што се реализираат во државата. Воедно, тој нагласи дека зголемувањето нема да биде оптоварување за Фондот на пензиското и инвалидското осигурување.

„Врз основа на проекциите на Министерството за финансии е потврдено дека во рамки на Буџетот за 2013 година, се предвидени доволно средства и дека нема да има никаков проблем во исплатата на средствата за пензии", нагласи Ристовски.

Министерот за труд и социјална политика дополни дека од 17 март, првата група пензионери ќе заминат на бањско-климатска рекреација. За ова аплицирале околу 30 илјади пензионери, што значи дека има голем интерес кај пензионерите.

Претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија Драги Аргировски, на средбата го искажа задоволството на членството од добрата континуирана соработка и поддршка, и притоа ги запозна министрите со најзначајните активности што се реализирани во изминатиот период, како резултат, меѓу другото, и на таа соработка и поддршка. Претседателот на СЗПМ ги запозна двајцата министри со одредени проблеми и прашања што се од витално значење за пензионерите и за Сојузот, како што се: донесувањето на Законот за пензионерско организирање во Македонија, потребата од изградба на нови и реновирање на постојните пензионерски и домови за стари лица, проблемот со деловен простор на Сојузот и друго.

На крајот заменикот на претседателот на Владата и министер за финансии Зоран Ставрески, министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, пред новинарите дадоа изјави, со кои ги соопштија овие новини, со нагласка дека, покрај зголемувањето на пензиите за пет проценти, е зголемен е и износот на социјалната помош.

**Калина Сливовска - Андонова**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


5-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА СЗПМ
**ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ - ПОТТИК ЗА НОВИ** стр. 2 и 3
**НОВИ ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБОВИ** стр. 4
ТРИБИНА стр. 5
**СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ОСМИ МАРТ**





стр. 7
ОТЧЕТНИ СЕДНИЦИ стр. 8 и 9





**ТВОРЕЦ НА СОВРЕМЕНАТА КОШАРКА** стр. 10
**ПРОМОЦИЈА НА НОВА КНИГА**





стр. 11
**ИСТРАЖУВА И ПИШУВА И КАКО ПЕНЗИОНЕР**





стр. 12
KUVEND VJETOR I SHOQATËS SË PENSIONISTËVE DIBRANË





стр. 13
ЗДРАВСТВО стр. 14
ЗАБАВА стр. 15
ВИДИЦИ стр. 16



Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка

# Единствени во оценката за оствареното и планираното

Врз основа на член 15 од Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, на 12 март 2013 година, се одржа седница на Собранието на Сојузот на која присуствуваа и: Доне Николовски, претседател на Надзорниот одбор на СЗПМ, Стамен Филипов, претседател на Правно–економскиот форум, Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за култура, Стојанче Стефаноски, претседател на Комисијата за здравство и социјална политика, Калина Сливовска – Андонова, претседател на Комисијата за информирање и Мендо Димовски, уредник на весникот „Пензионер плус".

На седницата на дневен ред беа следните документи:

1. Извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, за 2012 година.
2. Завршна сметка за 2012 година на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија со Одлука за годишна сметка за 2012 година.
3. Извештајот за работа на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ, во 2012 година.
4. Финансиски план за 2013 година на СЗПМ.
Програмата за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, за 2013 година.
5. Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци во СЗПМ.
6. Измени и дополнување на Правилникот за спортски натпревари.
7. Автентично толкување на одредби од Правилникот за работа на Комисијата за арбитража на СЗПМ.
8. Прием за членка на СЗПМ на Здружението на пензионери „Нов Живот" – Бутел, Скопје.
9. Верификација на мандати на делегати од ЗП "Солидарни пензионери" – Илинден, на ЗП Демир Хисар и на ЗП „Нов Живот" – Бутел, Скопје.
10. Разрешување и избор на член на Надзорниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Најнапред присутните ги поздрави претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** кој во своето обраќање ги истакна најважните активности кои беа постигнати во 2012 година, а за кои потенцираше дека се поттик за оваа 2013 година. Обраќањето беше поздравено со силен аплауз од присутните.

Во дискусијата по Извештајот за работата на Сојузот за 2012 година, беше констатирано дека е сеопфатен, објективен и квалитетно изработен и ги содржи сите активности што беа реализирани во минатата година преку телата и органите на Сојузот, како и активностите на сите здруженија негови членки. Исто така, беше констатирано дека сите поставени програмски задачи успешно се реализирани. Раководството на СЗПМ и раководствата на здруженијата се залагале сето она што е во нивните можности да биде остварено, за подигање на стандардот и на квалитетот на живот на членството на што повисоко ниво.

Во дискусијата по сите документи учествуваа **Ѓорѓи Панов, Милорад Ристовски, Данче Даскаловска, Благоја Анѓушев, Ѓорѓи Серафимов, Зоре Мицкоски, Илија Адамовски, Александар Захариев, Поликсена Тунтева, Јован Дамчевски, Милан Димитровски, Благоја Бојаџиев и Бесник Поцеста**.

Што се однесува до Завршната сметка за финансиското работење на СЗПМ во 2012 година, беше заклучено дека, и покрај големиот број на значајни активности и манифестации во кои беа опфатени пензионери од речиси сите здруженија на Сојузот, завршната сметка е со позитивен резултат, што е потврда дека се работело домаќински и одговорно. Беше истакнато дека за ова придонеле и донациите од Владата, од Министерството за култура, од градот Скопје, од локалните самоуправи на повеќе градови во Македонија и од залагањето на раководството на СЗПМ, како и на издржаноста и квалитетот на проектите, и посебно со одличната меѓусебна соработка, со нагласка дека вишокот на средства ќе биде наменет за обезбедување деловен простор.

Извештајот за работата на СЗПМ за 2012 година и завршната сметка беа едногласно усвоени со следните заклучоци и препораки:

(1) Детализираната Програма за работа на СЗПМ за 2012 година во целост е реализирана;

(2) Остварена е проширена активност на помасовно учество на здруженијата и на пензионерите во вкупната активност (учество во манифестациите во спортската, културната, рекреативната, забавната и општествената);

(3) Остварен е напредок во разрешување на низа организациони прашања од односите меѓу здруженијата (решени се дел од споровите, во тек е широка акција за дефинирање и ажурирање на евиденцијата, отворени се нови клубови, остварено е здружување на две паралелни здруженија, организирани се две работилници за дописниците на весникот Пензионер плус и за сметководителите на здруженијата, и др.)

(4) Остварена е проширена соработка врз основа на склучените договори за соработка со други асоцијации (ССМ, СЗБМ, Црвен крст, Центарот за регионални истражувања и соработка (Студиорум) и др.

(5) Собранието заклучи: ИО и раководството на СЗПМ во односите со државните органи и раководствата на политичките партии да ја засили иницијативата и да оствари договор на изборните листи на политичките партии за сите циклуси наредни избори на локално и републичко ниво да кандидираат и членови на пензионерската организација. Исто така, во телата на локалните и републичките органи, како и во УО на јавните и комуналните организации да вклучат и кандидати од редовите на пензионерската организација.

Посебно, Собранието бара, раководството да се заложи кај Владата за решавање на прашањето за обезбедување на деловен простор за работа на Сојузот.

(6) Собранието на СЗПМ препорачува на ИО и на органите на здруженијата во рамките на Програмата за работа во 2013 година, да ја прошират и продлабочат и интензивираат соработката со државните органи, и органите на локалната самоуправа заради решавањето на социо–економските прашања за одржување на стандардот на пензионерите и создавање услови за поквалитетно решавање на потребите за активен живот на пензионерите (изградба на домови за стари лица и пензионери, обезбедување просторни услови за клубови на пензионери и др.);

(7) Собранието на СЗПМ им препорачува на ИО и на раководството да ги забрзаат активностите за процесуирање на Законот за пензионерско организирање, а здруженијата на пензионерите членки на СЗПМ да ги доставуваат своите програми за работа до Сојузот за да може да се синхронизираат и координираат некои истородни или временски истодобни планирани активности.

(8) Собранието заклучи, до донесување на Законот за пензионерско организирање да го замрзне приемот во членство на Сојузот на пензионерски здруженија кои се јавуваат како паралелни здруженија во општините.

(9) Собранието бара ИО на СЗПМ да ја координира активноста на здруженијата во материјалната сфера и да подготви договор за уредување на односите во планирањето и користењето на средствата и на меѓусебната соработка.

Потпретседателот на ИО на Собранието на СЗПМ Методија Тошевски посебно истакна дека започнатите работи кои треба да завршат во текот на 2013 година, се однесуваат на ажурирањето на евиденцијата на членството во здруженијата. Здруженијата се должни да направат сè оваа активност да заврши успешно, оти е значајна и за здруженијата и за членството. Освен тоа, во 2013 година треба да се направи усогласување на статутот на Сојузот на здруженијата на пензионери со Законот за пензионерско организирање, и на статутите на ЗП со Законот и со статутот на Сојузот.

- Од програмски прашања за унапредување на активноста на Сојузот што ќе бидат актуелни во 2013 година, се и неколку значајни акти кои ќе бидат донесени и реализирани и ќе ја зборгат содржината на активноста на здруженијата како што се Одлука за стимулација на активности во здруженијата во областа на културата; Одлука и договор за финансиската политика на здруженијата и Договорот за основање на фонд за солидарност во здруженијата за обезбедување на социјална помош во пари или производи на економски необезбедените пензионерски семејства или лица, како и акт за обезбедување посмртна помош за членови на семејства (брачни другари) на стари лица кои немаат статус на пензионери
- Во 2012 година, беа организирани четири работилници како форма за збогатување на работата со членството, и тоа: работилница со претседателките на активите на жени пензионерки при здруженијата на пензионери за усогласување на програмите за работа; работилница со дописниците на весникот Пензионер плус за унапредување на содржината на прилозите и користење на информатичката технологија во новинарството; работилница со сметководно–финансиските работници за подготвување на годишните пресметки, и работилница со секретарите на здруженијата на пензионерите за ажурирање на евиденцијата на членството.
- Во 2013 година е планирано да се одржат, исто така четири работилници, и тоа: работилница со претставници на комисиите за здравство и социјална политика во врска со реализацијата на проектот за изработка на социјална карта на пензионерите; работилница за уредување на WEB–страницата на здруженијата кои имаат инсталирано информатичка опрема за потребата да се отворат исти такви страници во здруженијата што ги немаат; работилница со претседателите на Извршните одбори на здруженијата за унапредување на активноста на ограноците, и работилница со претседателите на собранијата на здруженијата и сметководно–финансиските работници за разработка на Прирачникот за реализација на единствената методологија за примена на прописите при водењето на сметководството во здруженијата што ќе биде подготвено во текот на годината.

Потоа, на седницата беше донесена Програмата на Сојузот на здруженијата на пензионери за 2013 година и Финансискиот план на СЗПМ за 2013 година. Образложение на Програмата даде Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ која ги потенцираше најбитните активности.

На ова седница за нова членка на СЗПМ беше примено ЗП Нов Живот – Бутел, а беа верифицирани и мандатите на: **Салтир Каровски** од ЗП Нов живот – Бутел, **Љубе Бојковски** од ЗП Солидарни пензионери – Илинден и **Иван Коруновски** од ЗП Демир Хисар за членови на Собранието на СЗПМ.

За нов член на Надзорниот одбор беше избран Митре Стојановски од ЗП Гази Баба – Скопје, на местото на Томе Мазгански на кој му престана членството.

Заради поуспешно и подобро организирање на Спортските натпревари и на Ревиите на песна, музика и игри беа усвоени неколку одлуки. Врз основа на забелешките дадени од здруженијата и со анализа на истите, претседателот на Комисијата за спорт на ИО на СЗПМ **Здравко Петковски**, предложи одредени измени во Правилникот за организирање и одвивање на натпреварите и истите беа усвоени.

Седницата беше конструктивна и одлично се одвиваше благодарение на подготовките кои ги направи Извршниот одбор на својата 16. седница на која членовите беа информирани и за текот на постапката за донесување на Законот за пензионерско организирање, а беа формирани и организациони одбори за следење на спортските игри и за ревиите на песна, музика и игри во 2013 година.

**Калина С.Андонова**

---

СЗПМ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
FEDERATION OF ASSOCIATIONS OF PENSIONERS OF MACEDONIA

Адреса: " 12 Ударна бригада " бр.2 – Работнички дом – Скопје - Македонија
Office: . "12 Udarna brigada" br. 2 – Rabotnicki dom – Skopje – Macedonija
www.szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk administracija@szpm.org.mk
Тел. – Phone 3223 710 Факс– Fax 3128 390 П.фах – Po box 440

Број . /Number 02-02/185
Датум. /Date 14.03.2013

Согласно член 15 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија – Скопје, Собранието на СЗПМ на седницата одржана на ден 12.03.2013 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2012 ГОДИНА**

Член 1

Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија – Скопје, ја разгледа годишната сметка за 2012 година со Извештајот за работа на СЗПМ за 2012 година и истиот ги усвои со утврдување на следните податоци:

1. Остварени вкупни приходи ........................ 7.825.193.оо денари
2. Остварени вкупни расходи ........................ 6.746.009,оо денари
3. Остварен вишок на приходи пред оданочување ( 1-2 )............ 1.079.184,оо денари
4. Данок на непризнаени расходи ........................ 6.969,оо денари
5. Распределба на вишокот на приходи по оданочувањето..........1.072.215,оо денари
   а) За пренос во наредната година ........................
   б) За купување на деловен простор ........................1.072.215,оо денари

Член 2

Финансискиот извештај за работа на СЗПМ е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до :

- сметководство
- архива
- документација

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ СКОПЈЕ

Претседател на
Собрание на СЗПМ
Драгослав Аргировски

Обраќање на Драги Аргировски, претседател на СЗПМ

# Остварените резултати - поттик за нови



Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) обединува 56 здруженија на пензионери, доброволно здружени во Сојузот заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите и друго.

СЗПМ е најбројна и најактивна невладина, непартиска и мултиетничка асоцијација во нашата држава, самостојна во организирањето и во остварувањето на целите, интересите и дејностите на пензионерите.

За да се остварат заедничките права и цели на пензионерите, Сојузот соработува со владини институции, со локалните самоуправи, со други здруженија и нивни сојузи, со невладини организации и фондации, како и со пензионерски асоцијации од други земји.

Во 2012 година, Сојузот продолжи со позитивниот тренд на работата. Збогатените активности не дојдоа така случајно. Тие беа дел од активностите на сите земји од Европа, во годината која од Европската унија беше прогласена за година на активно стареење и на меѓугенерациска соработка и солидарност.

И во минатата година и денес, со својата активност СЗПМ се потврдува како препознатлив фактор во целокупното општествено живеење во земјата. И не само тоа. Според резултатите и постигањата, 2012 година за Сојузот и за неговите членки ќе остане во сеќавањата како година за паметење, а еве зошто:

Во изминатата година Сојузот организираше голем број на програмски содржини. Меѓу најзначајните се секако 17-тите Републички пензионерски спортски натпревари кои за првпат се одржаа во Скопје во присуство на рекордни 1.150 учесници, од кои околу 400 натпреварувачи во 11 дисциплини. Тие беа завршна манифестација на претходно одржаните осум регионални спортски игри во кои учествуваа околу 1.600 натпреварувачи – пензионери од 52 здруженија од целата држава.

За афирмацијата на активното стареење голем придонес имаше и Републичката ревија на песни, музика и игри која се одржа по повод десетгодишниот јубилеј на ревиите.Оваа манифестација како значаен културен настан, беше одлично организирана и имаше рекорден број учесници и гледачи. Во преполната Универзална сала во Скопје пееше хор од 1.500 пензионери, а во квалитетната програма беа исполнети македонски, албански, ромски, српски, влашки песни, ора и обичаи. Тоа беше повод да учествуваме на јавниот повик на Министерството за култура при што Републичката ревија за песни, музика и игри и шестте регионални ревии во 2013 година, се прогласени од национален интерес за културата во државата.

– Во 2012 година усвоен е Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој е регулирано по десет години инсистирање и барање, СЗПМ да има свој член во Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

– СЗПМ го доби долгоочекуваното место за постојано присуство во Економско социјалниот совет на РМ.

– Одржани се средби во седиштето на СЗПМ со премиерот, со министрите за труд и социјална политика, за здравство и за финансии, со потпретседателот на СДСМ и претседателката на Собраниската комисија за труд и социјална политика. Како што е познато, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија дејствува како самостојна, невладина и неполитичка организација, која во континуитет се развива, оставајќи траги и во самиот развој на државата. Ние и понатаму остануваме категорични во ставот дека кога станува збор за пензионерските прашања, особено за оние коишто се поврзани со егзистенцијата и создавање услови на достоинствена старост на оваа голема популација, сите политички фактори треба да имаат заеднички јазик и единствен став, бидејќи тоа се битни прашања за пензионерите, но и во интерес на државата.

– Со Владата на РМ беше договорено вонредно зголемување на пензиите во 2013 година од 5 отсто, како и продолжување на проектот за бесплатна бањско-климатска рекреација за уште 10.000 старосни, семејни и инвалидски корисници на пензија, намалување на цените на лековите, проширување на бесплатниот јавен превоз за стари лица и друго.

– Со свој предлог СЗПМ успеа да оствари нови поволности при болничко лекување, така што Владата донесе одлука за 120.000 пензионери со пониски пензии да имаат право на целосно бесплатно болничко лекување.

Сето тоа во вакви тешки времиња значи многу, дотолку повеќе, што Македонија е една од ретките земји во која има пораст на висината на пензиите.

– Во рамките на меѓународната активност, СЗПМ и во 2012 година имаше учество на најголемиот европски Фестивал на трета животна доба во Љубљана, Словенија, со реферат „Влијанието на јавното информирање од историско значење за пензионерската организација во Македонија". На фестивалот културно-уметничкото друштво од ЗП Кочани имаше успешни културни настапи, како и посета и приредба во Домот за стари лица Фужине и друго.

– Остварена е официјална посета на пензионерскиот синдикат во Албанија, а здруженијата – членки имаа збогатена меѓународна соработка со соодветните пензионерски асоцијации од Србија, Бугарија, Албанија, Косово и други земји.

– На полето на доживотната едукација остварени се успеси преку Универзитетот трето доба и програмата Грундвиг од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а беше одржана и Работилница за дописниците на „Пензионер плус".



– За зајакнување на капацитетите и за зголемување на активностите за активно и здраво стареење започна интензивната соработка со меѓународните организации Студиорум и ХОУП со главна почетна задача во 2013 година, да се воспостави „Пензионерска социјална карта".

– Потпишан е Меморандум за соработка на СЗПМ со Сојузот на Синдикатите на Македонија.

– Зајакнати се капацитетите и активноста на повеќе здруженија на пензионери и отворени се десетина нови дневни клубови и центри за пензионери и стари луѓе. Со тоа бројот на клубовите на пензионери се зголеми на околу 400, во кои неделно се дружат и се едуцираат околу 150.000 корисници на пензија од сите возрасти.

– Зголемена е соработката со Црвениот крст, посебно во хуманитарните активности за помош и посети на осамени пензионери и стари лица.



– Карактеристично е што во 2012 година, се организирани повеќе успешни и масовни пикник средби, како и екскурзии во земјата и во странство. На пикник средбата во Дојран и во Ораовица кај Радовиш се дружеа и активно рекреираа и го ширеа пријателството над 10.000 пензионери. На овие пикник средби, како и на неколку други, се говореше за значењето на Европската унија и за акцијата за активно стареење,за меѓугенерациската соработка и солидарност.

На севкупно организираните активности во 2012 година, присуствувале околу 300 илјади пензионери, што е своевиден европски рекорд. Секако, активностите за подобрување на квалитетот на животот на оваа популација преку организирање на спортски игри, ревии, пикник средби, екскурзии и друго, придонесуваат не само за елиминирање на чувството на осаменост, изолација и депресија, туку истовремено и за зголемување на свеста за решавање на долгогодишните потреби на оваа популација како што е подобрувањето на стандардот и создавањето на услови за достоинствен живот во третото животно доба, со промовирање на соживот, толеранција и разбирање.

Во овој период правени се напори за зацврстување на соработката со Фондот на ПИОМ, за што се одржани два состанока на Менаџерскиот тим со претседателите на здруженијата на пензионерите, а Одборот на регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина презеде активности за консолидација на евиденцијата на членството по здруженија.

Пензионерите треба да се радуваат на убавините на животот. Тие здружени се уште посилни. Затоа, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија покрена иницијатива со Предлог на донесување Закон за пензионерско организирање, кој треба да придонесе да се подобри и да биде поефикасно пензионерското дејствување и организирање, а со цел нивните права да бидат подобро заштитени и нивните цели реализирани.



Ваквите значајни остварувања во 2012 година, се мотив и стимул повеќе, СЗПМ и во оваа 2013 година, да оствари уште побогата активност во рамките на европската агенда „Европската унија – пријател на старите лица".

За таа цел, Сојузот посветува големо внимание на информирањето на членството и на сите релевантни чинители во државата . Сојузот месечно издава свој весник „Пензионер плус", а во него од минатата година, написите на една страница се на албански јазик. Имаме и своја веб страница, се обнови издавањето на „Пензионерски видици" како прилог во весникот „Нова Македонија", а се воведе една страница наменета за пензионерите во дневниот весник на албански јазик Коха. Истовремено, беа одржани голем број прес конференции и гостувања на електронски медиуми и дневни весници.

И покрај зголемената активност во минатата година со домаќинска работа и со забележителни донации, оствaривме и многу добри финансиски резултати.

Со други зборови може слободно да се каже дека епитетот најактивна и најдобра невладина организација го заслуживме со што порасна и рејтингот на Сојузот, но и угледот на здруженијата, наши членки.

Успесите се евидентни, но и многу проблеми остануваат за решавање како што е изградба на пензионерски и старски домови, нови центри за дневен престој и друго. Потребна е и подобра организациона поставеност и зголемена интерактивност помеѓу Сојузот и здруженијата, а кај неколку од нив очигледна е потребата од преземање мерки за нивно заживување во духот на европските реформи. Секако, горд сум што имам тим со кој одлично работиме, затоа не треба да ги напуштиме нашите соништа и замисли, туку треба да бидеме оптимисти и да се надеваме на уште подобри пензионерски денови. Верувам во себе и во сите вас. Тоа чувство секако ме исполнува и ми влева надеж дека ќе истраеме на патот кој води кон создавање на подобри услови за достоинствена старост и за активно и здраво стареење.

Само сплотени и единствени пензионерите ќе имаат подобра иднина.

# Поздрав или реакција

## во врска со формирањето на Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија

На денот кога Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија го одржуваше своето годишно собрание (12 март 2012 година), со украдена и злоупотребена иконографија, со инсинуации и лажно претставени цели и задачи, во Скопје под покровителство на необелоденети спонзори, во период на изборна кампања на партиите за локални избори, се одржа основачко собрание на нова, 54 – та по ред ПП во Република Македонија, Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија (ПОПГ). Од се срце им честитаме и им посакуваме успех.

Но, од аспект на позициите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, чувствуваме потреба да укажаме на некои „дела и вистини" кои важни претставници на новата ПП ги прават и претставуваат во јавноста на необјективен начин. Наведуваме некои од досега нам познатите:

1. Дело за осудување е, преставувањето на своите цели и задачи на еден нов политички субјект како противтежа на целите и задачите на една општествена и граѓанска организација, која наводно не ги остварува интересите на своето членство. Во најмала мерка тоа е невкусно, а во суштина, тоа претставува замајување на недефинирано членство на новата ПП и неговите очекувања.

2. Дело за осудување е, претставувајќи се пред јавноста, наместо да се декларираат програмските и политичките цели на новата ПП, уште на почетокот раководството на ПОПГМ да се занимава со претпоставки и инсинуации за „наводното растројство во редовите на СЗПМ". Претставува политички дилетантизам уште на почетокот да се зборува за заткулисните игри, кои се сѐ повеќе од провидни, и кои како бумеранг ќе се вратат во момент кога тоа најмалку се очекува, конфронтацијата со една општествена и граѓанска организација.

3. Дело за осудување е неинформираноста на новинарот којшто за ТВ каналот 24 Вести известуваше од основачкото собрание на ПОПГМ, притоа користејќи ја иконографијата од просториите на СЗПМ, и невистинито известувајќи, дека наводно СЗПМ на суд ги изгубил деловните простории, па како револт на тоа се впушта во партнерство за основање на новаата ПП. Тоа е неодговорна и непрофесионално извршена задача за која се одговара за клевета.

4. Дело е, дека весникот на СЗПМ Пензионер плус секогаш настојува, во рамки на динамиката во која излегува, ажурно да информира за активноста на пензионерските здруженија, за општествените состојби и настани од интерс на членството и за активноста на државните органи сврзани со прашањата за орджување и развој на стандардот на пензионерите.

5. Дело е дека во соработката на СЗПМ со претставниците на државните органи се остварува напредок во решавањето на прашањата на пензионерите и дека секогаш ќе остануваат прашања за решавање во иднина.

Колку за објективно информирање на јавноста соопштуваме:

6. Вистина е, дека СЗПМ нема никаков судски спор за деловен простор ниту Сојузот изгубил таков спор. СЗПМ користи деловен простор под наем и не е партнер во основањето на оваа ПП.

7. Вистина е дека претставници на ПОПГМ во повеќе наврати мешетареле низ канцелариите на ЗП низ републиката и лажно се повикувале на наводна согласност на СЗПМ и на раководството за основање на партијата. Вистина е дека преставници на ПОПГМ во две прилики разговараа со претседателот и потпретседателот на ИО на СЗПМ, и дека и во двата случаи јасно им е одгорорено дека СЗПМ нема никакво право ниту намера да го спречува основањето на ПОПГМ, но дека СЗПМ не ја поддржува таквата иницијатива. За таквиот став Собранието на Сојузот има донесено посебен заклучок уште во март 2011 година.

8. Вистина е дека органите на СЗПМ и на здруженијата секогаш ја оставале политичката димензија на интересите на своето членство како лично опредлување и активност, но дека СЗПМ како општествена граѓанска организација, е и останува непартиска, невладина и независна организација.

9. Вистина е, дека СЗПМ отсекогаш работел и работи за коректно застапување на интересите на своето членство кај државните и политичките фактори и активно соработува со претставниците на државните органи, како и претставниците на политичките партии и од позицијата и од опозицијата. Тоа го правела досега, а така ќе работи и во иднина. Секоја друга квалификација за активноста и блискоста на СЗПМ со партијата на власт е недобронамерна, неточна и штетна по интересите на членството.

10. Вистина е, дека на денот на основањето на ПОПГМ, во работата на Собранието на СЗПМ учествуваа претставниците од сите 56 пензионерски здруженија членки на Сојузот, и дека ниедно здружение не истапило од Сојузот како резултат на револт или незадоволство.

11. Вистина е, дека на разединувањето на компактноста на граѓанските здруженија се работи и ние тука ќе бидеме немоќни, особено ако ја политизираме својата активност.

12. Вистина е, дека и новоизбраниот претседател на ПОПГМ, како и Редакцијата на на ТВ каналот 24 Вести за својата неодмереност и лажно информирање треба да и се извинат на јавноста. На СЗПМ и не треба бидејќи ова не е прв, а нема да биде и последен пат на искажување на некоректни оценки.

**М.Т.**

# Потпишан договор за изградба на пензионерски дом во Кочани

Во ЗП Кочани на пригодна свеченост е потпишан договорот помеѓу Кочанската пензионерска организација и Општина Кочани за изградба на пензионерски дом.

– Општина Кочани на 6 март со одлука на Советот се вклучува во активностите за изградба на пензиоинерски дом во кругот на старата касарна на површина од 8.000 метри квадратрни. Ние како општина ќе обезбедиме бесплатни комуналии вода, канализација, преотстапување на гардежниото земјиште како и довод на геотермална вода од локацијата која води низ индустрискиот дел на градот, истакна Венцо Бојков, од општинската администрација на Кочани.

– За нас овој договор е од особено значење, бидејќи ќе отпочне да се реализира една дамнешна идеја. Новиот пензионетрски дом ќе има регионален карактер и ќе ги опслужува пензионерските здруженија од Источниот регион. Наша обврска е да обезбедиме финансиски средства за изработка на проектната документација. Тоа го направивме со наши средства во износ од 2 милиони денари, и по потпишувањето на договорот со општина Кочани ќе распишеме тендер за најповолен изработувач на идејното решение на домот, истакна Ѓорги Серафимов, претседател на Здружението на пензионерите на Кочани.



Во присуство на педесетина делегати од граноците на Кочанското пензионерско здружение договорот го потпишаа Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани и Ѓорги Серафимов, претседател на ЗП од Кочани.

**К. Герасимов**

ЗП Тетово

# Резултати што поттикнуваат

Над илјада пензионери учествувале во екскурзиите што се изведени во повеќе градови и туристички центри во земјата, околу 200 прошетале во соседните земји, а 150 летувале на море. Тетовските пензионери учествувале и зазеле видни места на спортските натпревари и културно–забавни смотри. Остварена е значајна соработка со бањските лекувалишта во Македонија, како и со повеќе здруженија на пензионери во земјата. Ова се само дел од активностите што ги организирало Здружението на пензионери Тетово, содржани во извештајот за едногодишна работа што се разгледуваше на годишната седница на Собранието, одржана на 21 февруари, а во чија работа учествуваа и Драги Аргировски, претседател и Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ. Повеќемина дискутанти на седницата констатираа дека постигнати се резултати за почит и кои мотивираат за уште поголема активност во наредниот период.

Во воведното излагање на **Гојко Ефтоски**, претседател на Собранието беше речено дека во Здружението се преземаат мерки и активности по сите прашања и проблеми за кои пензионерите животно се заинтересирани. Оттука е и нагласеното прашање за остварување на правата на пензионерите што произлегуваат од пензионерското осигурување и Законот на ПИО. На седницата беше поздравена одлуката за интервентно зголемување на пензиите од 550 денари месечно, како и бесплатното болничко лекување на пензионери со помали примања од 10.870 денари. Меѓутоа, тетовските пензионери остануваат и натаму на предлозите за намалување или целосно укинување на партиципацијата во снабдувањето со лекови, на специјалистичките и супспецијалистичките прегледи и други потреби на пензионерите.



Како приоритети во оваа година на Собранието беа подвлечени вклучувањето во воведувањето социјална карта, активности за гостување на тетовските пензионери во Љубљана, адаптација на простории во Домот на пензионери, продолжување со доделување еднократна парична помош на корисници на најниски пензии и сите други содржини кои се сметаат за традиционални и постојани.

**С. Димовски**

# Нови пензионерски клубови

Заложбата на СЗПМ за подобрување на стандардот и квалитетот на животот на пензионерите се повеќе се остварува низ јакнењето на соработката со надлежните органи и институции кои можат и сакаат да помогнат во реализирањето на програмските цели на Сојузот. Така, со потпишувањето Меморандум за соработка со локалната самоуправа, здруженијата на пензионери ширум Републикава воспоставија поблиска соработка со општините и со нивна помош остварија значително поголеми успеси. Давањето простор за користење на здруженијата без надомест и отворањето клубови за пензионерите во рамките на урбаните заедници, се посебни придобивки од успешната соработка со локалната самоуправа. Благодарение на тоа во Републиката значително се зголеми бројот на клубови за пензионерите, кои сега ги има повеќе од четиристотини. Сите заинтересирани посетители во овие пријатни катчиња можат да најдат забава за себе, да разговараат, да играат некоја од општествените игри, да се информираат за разни настани и активностите на пензионерите, да се релаксираат и да се дружат за поактивно и поздраво да ја поминуваат староста.

Отворањето нови пензионерски клубови и оваа година стана тренд во општините. Така, нови пензионерски клубови неодамна беа отворени во општините „Карпош", „Илинден" и „Ѓорче Петров", како резултат на добрата соработка со месните и истоимените здруженија на пензионери. На клубовите најмногу им се радуваа пензионрите од огранокот Тафталиџе на ЗП Карпош, членовите на ЗП „Солидарни пензионери" од Кадино и Миладиновци, и пензионерите од ЗП Ѓорче Петров. При отворањето на клубовите беа организирани пригодни манифестации на кои говореа градоначалниците на општините и прtетседателите на здруженијата, а на отворањето на овие катчиња за пензионерите во Кадино, Миладиновци и во Ѓорче Петров присуствуваше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој го истакна значењето на клубовите во секојдневниот живот и активностите на пензионерите, а зборуваше и за потребата од нови дејности заради зголемување на грижата за старите лица.



ЗП Илинден



ЗП Карпош

Инаку, во поголемиот број пензионерски клубови во општините слободен пристап имаат и другите граѓани и помладите генерации и тие треба да ја симболизираат сплотеноста на лицата од третата доба со нивните наследници, за да се пренесуваат искуството и мудроста на помладите поколенија, кои пак со своето ангажирање и грижа за повозрасните треба да придонесуваат за подостоен живот на пензионерите.



ЗП Илинден



ЗП Ѓорче Петров

**М. Димовски**

ЗП Кичево

# Подготовка за спортските пензионерски натпревари

На 2 март 2013 година во мотелот Студенчица во селото Горни Добреноец Кичевско, се одржа заеднички регионален состанок со претседателите на Здруженијата на пензионери, како и претседателите на комисиите за спорт и рекреација од четвртиот регион. Состанокот го отвори претседателот на ЗП Кичево **Љубомир Лукароски**, кој ги поздрави гостите и им посака добредојде и пријатен престој во прекрасниот амбиент во Горни Добреноец, покрај изворот на реката Студенчица. Со состанокот раководеше кординаторот за спорт и рекреација од четвртиот регион професорот Иван Дојчиноски од ЗП Охрид и Дебрца. На почетокот беше разгледан извештајот од 17 републички пензионерски спортски натпревари, со посебен осврт на правилникот за спортските дисциплини. Сепак, по укажувањата од членовите на Извршниот одбор на СЗПМ, Рамиз Ќазимоски и Душан Ристоски, дека веќе се подготвува нов корегиран правилник кој ќе биде доставен до сите здруженија, се премина на разгледување на програмата од комисиите за спорт и рекреација на здруженијата од четвртиот регион за 2013 година.



На состанокот беше определен домаќин за регионалните спортски натпревари – ЗП Струга и терминот за одржување – 8 јуни 2013 година во Струга. Беше формирано и кординативно тело од пет члена кое ќе ги следи подготовките на регионалните спортски натпревари од четвртиот регион.

По исцрпување на дневниот ред гостите ја разгледаа живописната околина во селото Горни Добреноец, и го посетија рибникот за калифорниска и речна пастрмка.

**А. Ристоска**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Вложените средства дадоа резултати

***Во минатата година се инвестирани 4.975.536 денари за санација и поправка на работните простории на филијалите и деловниците, но и во домовите за пензионери, а беа одделени и средства за осовременување на информатичката технологија***

И покрај неповолните економски движења во 2012 год., сепак, Фондот на ПИОМ, оддели доволно средства за инвестициони одржувања согласно финансискиот план и економските можности.

Така, и во минатата година, Фондот на ПИОМ продолжи со инвестиционо одржување на објекти преку реконструкции и адаптација на пензионерските домови со кои управува и на другите деловни објекти во Централата, филијалите и деловниците.

За таа цел, а согласно усвоениот финансиски план лани, за оваа намена потрошени се средства во износ од 5.000.000 денари.

Треба да се истакне дека овие планирани средства согласно програмата, беа искористени за најнеопходните потреби. Така, се реализираа следните инвестициони активности:

Во деловниот објект на Фондот во новата зграда, се инвестирани 259.905 денари и е извршено сервисирање на врати и прозорци од алуминиум со термопан стакло поради нефункционалност на дел од истите, а 33.040 денари беа искористени за извршени работи – прегради на простории со гипс картон за оформување на функционални делови за потребите на центарот за автоматска обработка на податоците.

Што се однесува, пак, до инвестициите во филијалите и деловниците на Фондот, во Филијалата во Гостивар, вложени се 54.000 денари за извршената реконструкција на покривната конструкција, додека во филијалата во Пробиштип, се инвестирани 446.924 денари за извршена реконструкција на санитарните јазли – два тоалета и другите простории.

Исто така, и во Филијалата во Охрид, се потрошени 27.824 денари за поправка на плафон од армстронг санитарниот дел. Нови 30.750 денари, пак, беа вложени во проектот за преадаптација на просториите во пензионерскиот дом за Филијалата во Делчево, додека 2.360.440 денари придонесоа да се реализира преадаптацијата на просторијата од пензионерскиот дом во Делчево во посебни 4 простории за Филијалата во градот со изградба на санитарни јазли и простории за архива во подрумскиот дел од домот, додека 194.653 денари се потрошени за изработка на елаборати за физичка делба на дел од филијалите и деловниците на Фондот, помеѓу ФПИОМ и ФЗО.

Што се однесува до инвестиционите вложувања на средства во објектите за одмор и рекреација, а со кои располага Фондот на ПИОМ, тоа пред сè, се однесува на одморалиштето во Стар Дојран. Во него, според Инвестиционата програма на Фондот на ПИОМ, за минатата година, се потрошени 295.000 денари и е извршена дополнителна реконструкција и доопремување на објектот за одмор и рекреација.

Меѓутоа, она што заслужува посебно да се истакне и во оваа прилика, е фактот дека Фондот на ПИОМ, во секоја своја годишна програма издвојувал средства за инвестиционо одржување и на домовите за пензионери. Така, во 2012 год., во пензионерскиот дом во Свети Николе се инвестирани средства во висина од 639.806 денари и е извршена реконструкција на санитарните јазли, потоа заедничките простории и скалишниот дел во домот.

Во Домот за живеење на корисниците на пензија во Делчево, во минатата година беа потрошени 423.443 денари и беше извршена санација на покривната конструкција и заедничките простории и скалишниот дел од објектот, при што работите се завршени според договор. Но, уште 209.751 денари се потрошија за изработка на елаборати за легализација на дел од домовите за добивање на имотни листови.

Фондот на ПИОМ, за реализација на инвестиционата програма за 2012 год., потроши 4.975.536 денари, со тоа што планираната програма за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот е реализирана во рамките на предвидените средства со буџетот.

Значајно е дека со буџетот за 2012 година беа предвидени, исто така, финансии во износ од 15.000.000 денари за набавка на основни средства. Согласно одобрените средства беше изготвена и програма за набавка, па така со извршениот ребаланс, средствата за оваа намена беа намалени на 12.000.000 денари и истите се реализираа во набавка на основни средства и информатичка опрема за потребите на Фондот на ПИОМ.

И во 2013 год., со Буџетот на Фондот на ПИОМ, се предвидени средства за инвестиционо одржување на објектите на Фондот во износ од 9.470.000 денари. Од овој износ, 3.770.000 денари се за инвестиционо одржување на објектите од Централата, филијалите и деловниците, а 5.700.000 денари се планирани за домовите за живеење на лицата–корисници на пензија.

Кај домовите за живеење на корисниците на пензија кои се во сопственост на Фондот на ПИОМ, годинава е предвидено да се извршат следните работи, и тоа: во Пензионерскиот дом во Ѓорче Петров ќе се изврши замена на надворешната столарија со нова ПВЦ–столарија поради заштеда на електрична енергија за греење, што ќе чини 2.600.000 ден., потоа во Пензионерскиот дом во Крива Паланка се планира санација на покривната конструкција, замена на столаријата и адаптација на приземјето во нови станбени единици, за што се одвоени 500.000 ден. и во Пензионерскиот дом во Чаир предвидена е замена на покривната конструкција и надворешната столарија, како и реконструкција на водоводната инсталација и санирање на заедничките простории, за што ќе се вложат 2.600.000 денари.

**м-р. Снежана Кутузовска**

# Состојбата со пензионерските домови во РМ

**КОНСТАТАЦИИ**

1. Во 19 здруженија на пензионери – членки на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија постојат пензионерски домови, а најголем дел од нив располагаат со станови за сместување на пензионери и со придружни објекти, како клубови за рекреација и простории, а одделни здруженија истите ги издаваат под наем. Во домовите, главно, се сместени пензионери, но има и домови каде што како станари се и други лица.

2. Интерес за сместување во домовите постои, но тие, главно, во поголем број на здруженија се во лоша состојба и здруженијата ја истакнуваат потребата од нивна реконструкција и адаптација која од бавно поради немање финансиски средства.

3. Се истакнува и потребата за изградба на пензионерски домови со сметување, исхрана, здравствени услуги и други поволности за корисниците на пензија.

4. Најголем број домови се во сопственост на здруженијата на пензионери, а кај некои е во тек постапка за легализација односно стекнување право на сопственост. Постојат и здруженија кои немаат поведено постапка за сопственост поради нерасполагање на целокупна документација или се во постапка на нејзино комлетирање.

5. Во најголем број здруженија соработката со локалната самоуправа е на задоволително ниво.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Здруженија на пензионери кои повеле постапка за стекнување право на сопственост на пензионерски дом, истата да ја продолжат, а здруженија на пензионери кои тоа не го сториле, во интерес на здруженијата и на пензионерите е да поведат постапка за стекнување право на сопственост. Отстапување на пензионерски дом на други субјекти може да се изврши, само врз основа на правосилна судска одлука.

2. Паралелно со одвивањето на оваа дејност од страна на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија да се преземат активности за запознавање на Министерството за труд и социјална политика и на Владата на РМ, со прашањето на преземање на пензионерските домови од здруженијата на пензионери, кои учествувале во нивната изградба и кои ги користат пензионерите.

3. Заради подобрување на состојбата со пензионерските домови (реконструкција, адаптација) се оценува за потребно, таа активност на здруженијата да им биде приоритетна задача што е во интерес на пензионерите. Доколку за тоа постојат услови, во финансиските планови за 2013 година, да се предвидат средства за таа намена.

4. Здруженијата треба да развијат проактивна активност со барање до локалните власти и нивно вклучување со средства кога е во прашање обезбедување место за живеење на пензионерите во нивната општина.

5. За здруженија кои ќе предвидат вакви активности, во реализација на ова социјално–хуманитарно прашање за корисниците на пензија ќе учествува и Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

СЗПМ да изнајде форми и начини за вклучување и за соработка со меѓународни асоцијации кои може да помогнат во изградба на пензионерски домови.

6. Во домовите каде што не се сместени пензионери, веднаш, да се поведе постапка за нивно иселување како и преиспитување на цената за сместување.

7. Во интерес на корисниците на пензија, се оценува за потребно здруженијата на пензионери да донесат акт за начинот и за условите за доделување на станбен простор под закуп, кој се наоѓа во пензионерските домови со кои управуваат здруженијата на пензионери, а во кои исклучително треба да живеат само корисници на пензија.

**ИО на СЗПМ**

# Најнови измени и дополнувања во прописите од пензиската област

Како што е познато пензиското и инвалидското осигурување е динамична област која бара постојано да се следи, а прописите од истата мора да бидат усогласени и адекватни на актуелното општествено–економско милје што не опкружува.

Од август 2012 година, имаме две новини во ЗПИО и за првата веќе ги информиравме читателите во весникот „Пензионер плус", број 55.

Во Службен весник на РМ број 15/2013 година, објавен е Законот за изменување и дополнување на ЗПИО, а во истиот број објавен е и Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување, кои закони според проблематиката што ја регулираат мора да бидат комплементарни.

Овие новини се однесуваат исклучително на поранешната категорија на индивидуални земјоделци (а сега носители на семејно земјоделско стопанство) кои во задолжителното ПИО се вклучени почнувајќи од 1989 година.

По нивното вклучување во единствениот систем на ПИО и заради спецификите на оваа категорија осигуреници и корисници на пензија, често пати биле предмет на опсервација и аналогно на тоа се вршени и соодветни измени во прописите од ПИО. Една од позначајните измени е што тие права од ПИО ги остваруваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб) и не се вклучени во вториот столб на капитално финансирано пензиско осигурување, заради карактерот на работата што ја извршуваат.

Имено, во Законот за изменување и дополнување на ЗПИО во кругот на осигурениците се прави измена и досегашната категорија на осигуреници „индивидуални земјоделци" се заменува со „носители на семејно земјоделско стопанство – физички лица кои остваруваат нето–приход од вршење на земјоделска дејност од прва, втора и трета категорија, согласно Законот за земјоделство и рурален развој".

Согласно ченот 1 од Законот за измени и дополнувања на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување е утврдено дека носител на семејно земјоделско стопанство е полнолетно лице кое е одговорно за управување со земјоделско стопанство и кое истапува во име за сметка на семејното земјоделско стопанство и како такво е запишано во единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во истиот закон е регулирано дека за оваа категорија на осигуреници Фондот на ПИОМ е обврзник за пресметка на придонеси, а обврзник за уплата на придонеси се лицата сами за себе, според основиците утврдени во член 14 на Законот за социјални придонеси. Со овие измени и дополнувања е уредено, односно е дадена можност по лично барање осигуреникот – самовработено лице, верско лице и носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, придонесите да може да ги плаќа и на повисока основица.

Промената на својството на осигуреник од индивидуален земјоделец во носител на семејно земјоделско стопанство ќе го изврши Фондот на ПИОМ, по службена должност. Тоа е можност податоците во Фондот да бидат утврдени и ажурирани бидејќи и според новиот ЗПИО (член 194) Фондот воспоставува и води матична евиденција која содржи податоци потребни за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување.

**Станка Трајкова**

ПИСМО

Што ја спречува реализацијата на хуманитарните активности

# Тој што дава - пак да дава!?

Здружението на пензионери од Велес е едно од првите здруженија во Република Македонија (ако не и прво) кое ја официјализира и ја спроведува Стратегијата „Грижа за стари лица".

И не само Велешкото здружение, за волја на вистината, треба да се истакне посебно донаторската – хуманитарна акција и на ЗП Прилеп за 2012 година. Ако ЗП Велес предвидува за 2013 година да донира над 700 000 денари (во соработка со Општина Велес), на изнемоштени, осамени и финансиски загрозени лица, нивните колеги од Прилеп само за 2012 година донирале над 1 000 000 денари! А, на таа сума Здружението од Прилеп платило персонален данок на УЈП 11,11% или вкупно 111 111 денари. Се разбира, на нето сумата.

Со јасната стапка на персоналецот што се плаќа на нето исплатената сума ЗП Велес треба да плати за 700 000 денари донација дадена на лицата на која што им е потребна согласно критериумите на Стратегијата, близу 80 000 денари. Ова е бизарно, но вистинито.

А, доколку донира физичко лице на правно или на друго физичко лице вредноста е 18% на бруто сумата. Ваквите несфатливи контрадикторности – штом донираш треба и да платиш персонален данок на донираната сума, значи покрај тоа што му донираш на загрозениот, треба додатно да и донираш и на државата. Па нели секоја хуманитарна донација му помага индиректно и на општеството? Зошто тогаш две донации – едната од хуманост, народски од срце, а другата обврзувачка – мораш да платиш!

Заради зголемување на хуманитарните акции и за поттикнување на хуманото чувство кај сите физички и правни лица, а со тоа и кај членките на СЗПМ, треба да се направи измена и дополнување на Законот за донации по иницијатива на Министерството за правда. Во западните земји донаторите – хуманитарци добиваат бенифиција во однос на данокот и затоа кај нас Законот за донации треба да е адекватен на законите од западните демократски општества. Со таквиот закон многу повеќе „аир" ќе видат не само физичките лица, туку и многу културни, невладини, непартиски и особено спортски асоцијации и друштва.

**д-р Веле Алексоски**


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VI – број 56
март 2013 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Весник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.


НЛБ Кредит за пензионери за набавка на дрва за огрев
Аплицирајте до 31 мај без трошоци за одобрување на кредитот!
Примајте ја Вашата пензија во НЛБ Тутунска банка и искористете ја можноста за кредит за набавка на дрва за огрев на 12 рати со промотивна фиксна каматна стапка од 7,0%.**
* Пример за пресметка: за кредит на износ од 30.000 МКД со каматна стапка од 7,0% (СВТ: 8,58%), рок на отплата 12 месеци, 200 МКД трошок за апликација и 0% манипулативни трошоци, месечниот ануитет изнесува: 2.596 МКД, а вкупниот износ за враќање: 31.153 МКД.
** Промотивната каматна стапка важи до 31 јули 2013 година.
NLB Тутунска банка
Знам зошто.
www.nlbtb.com.mk
Контакт центар: 02/15-600


idea+
НАЈЕВТИНИ РАЗГОВОРИ СО ВАШИТЕ НАЈБЛИСКИ
one
Фиксна телефонија на ONE
ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:
• Најниска месечна претплата од 149 денари
• Бесплатно го задржувате стариот број
• Иста цена за разговори во цела земја
• Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
• Најповолни цени за разговор
• Бесплатен фиксен телефон – HWCD399
Повеќе информации во Центарот за грижа за корисници на (02) 181.
www.one.mk

Во здрженијата на СЗПМ

# Свечено одбележан Осми март

Меѓународниот ден на жената, 8–ми март во повеќе здруженија на пензионери во Македонија беше пригодно одбележан со разни активности и манифестации. По тој повод беа организирани, предавања за значењето на празникот, хуманитарни акции, меѓусебни дружења и посети на болни и изнемоштени пензионери и други активности, иницирани и реализирани главно од активите на пензионерки во соодветните здруженија. Исто така, во знак на празникот на женета, во почетокот на март оваа година, беше одржана средба и дружење на шест здруженија на пензионери од Радовиш, Неготино, Велес, Кавадарци, Кичево и Крива Паланка, чии домаќин беше здружението од Штип, а на оваа традиционална манифестација присуствуваше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**.


Кичево


Радовиш


Охрид


Штип


Шуто Оризари


Демир Капија

Во пригодното обраќање претседателот Аргировски најпрво им го честиташе празникот на пензионерките, посакувајќи им добро здравје, среќа и долг живот, при што го нагласи значењето на оваа средба и на другите слични манифестации, кои придонесуваат во создавањето услови за поактивно стареење и продолжување на животната доба на највозрасната популација граѓани.

Речиси во сите здруженија во кои беше организирана прослава на Меѓународниот празник на жената, со пригодни зборови славеничките ги поздравија и им го честитаа празникот претседателите на здруженијата и на активите на пензионерки и им врачија пригодни подароци. Одбележувањето на празниокот некои здруженија го организираа под покровителство на општините во кои дејствуваат, чии градоначалници беа спонзори на прославите. Мошне импресивни прослави на Денот на жената беа одржани во здруженијата на пензионери во Штип, Свети Николе, Охрид, Радовиш, Пробиштип, Прилеп, Кавадарци, Струмица, Битола, Крушево, Карпош, Шуто Оризари, Центар, Воени Пензионери, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Ѓорче Петров, Демир Капија и во други градови, на кои присуствуваа повеќе градоначалници и претставници на советите со кои здруженијата имаат традиционално добра соработка.

Средбите минаа во пријатна атмосфера, со песни, музика и игри, и со забава и дружење, што ќе останат запаметени.

**М.Д.**

Во пензионерскиот клуб „Вардар“ – Скопје

# Нови активности

Во нашата држава има голем број клубови на пензионери во кои неделно претстојуваат и се дружат по околу 150.000 возрасни лица. Токму тука, низ другарувања со пријатни долги разговори и разни општествени игри емотивно се поврзуваат луѓето од третата доба. При посетата на пензионерскиот клуб „Вардар” каде делува огранокот на Здружението на пензионерите „Солидарност – Аеродром” во Скопје се уверивме дека е тоа пријатно катче каде слободното време го поминуваат повеќе пензионери на оваа урбана заедница.

Љубезната домаќинка Наде Крстевска вели дека со пиење кафе или чај, проследено со интересни муабети, времето минува за миг. Се игра шах, домино и табла се шири пријателството.Тука во друштво се проследуваат и телевизиски преноси од фудбалски или кошаркарски натпревар. Многу се чита и прилогот „Пензионерски видици” во весникот „Нова Македонија”, како и гласилото на СЗПМ „Пензионер плус”. Се организираат и бесплатни мерења на крвен притисок и на шеќер во крвта.

Претседателот на клубот **Бранко Чешарек** најави дека набргу ќе започнат и подготовките за спортските натпревари и за ревии на песни, музика и игри, како и екскурзии до познати историски места во земјата и странство. **М. Паунова**

ЗП Чаир и Бутел

# Во духот на хуманоста

Во пријатна атмосфера на 15 февруари, уште еднаш, пензионерките, хуманистки и активистки земаа учество во хуманитарна тортијада под мотото „Слатка мистерија 2013”, хумана манифестација која се одржа со цел да им се помогне на децата без родители, да ја почувствуваат љубовта, топлината и вниманието што за нив многу значат.

Манифестацијата, чиј организатор беше хуманитарната организација „Ангелчиња” од Скопје, а под покровителство на општина Бутел, се одржа по седми пат.

Пензионерките покажаа дека се вешти жени, земајќа учество на оваа слатка манифестација со своите прекрасни торти и покрај тоа што за нивната изработка се бара голем напор и вештина. Тие стоеја рамо до рамо со професионалците производители на кандиторски производи. Нивните експонати, како и другите, беа дадени на аукција, а средствата беа наменети за децата без родители. Уште еднаш тие потврдија дека водителка низ целото нивно работење не е само дружењето и забавата, туку и хуманоста.



Овие пензионерки се гордост на пензионерската организација, треба нивниот пример да го следат не само пензионерите туку и помладите генерации.

На крајот, по официјалниот дел, првото оро го заиграа токму пензионерките. **В. Пачемски**

ЗП Куманово

# Продолжува соработката со невладиниот сектор

Културно уметничкото друштво „Ѓоко Симоновски” при Здружението на пензионерите „Куманово” од Куманово и подмладокот на општинскиот црвен крст, и оваа година како и неколку години пред тоа, заеднички го одбележаа верскиот празник Свети Трифун.

Во просториите на Црвен крст по срдечниот пречек и убавите зборови за добродојде од страна на домаќините, пензионерите се претставија со дел од својот богат репертоар на македонски народни песни пригодни за таа прилика. Се пееше за виното, љубовта, младоста. Во продолжение се читаа лични творби посветени на истата тема, како од пензионерите, така и од членовите на подмладокот на Црвен крст. Еден убав сплет на музика и поезија помеѓу младоста и гостите од третата доба кои евоцираа спомени од пред четириесет години за своето време. Анегдоти што се случувале со момчињата и девојчињата на првите љубовни состаноци, за игранките во „соколана“ како и други згоди и



незгоди што настанале со родителите кога не сме доаѓале дома на време – 21 часот. Амбиентот и атмосверата беа прекрасни на оваа наше дружење, а на разделбата на волонтерите им посакавме понатамошен успех. Им заблагодаривме за времето кое го посветиле за оваа хумана работа кое е од големо значење за нивната организација и пошироко.

Исто така, ЗП Куманово оствари уште една успешна средба. Поточно хорот при КУД „Ѓоко Симоновски“ имаше чествување по повод годишнина од загинувањето на легендарниот кумановски народен херој Христијан Тодоровски – Карпош. Свеченоста започна со изведба на химната на Р. Македонија. Во продолжението, хорот многу успешно ги испеа песните „Песна за Карпош“, „Што Пелинце гори бабо“, „Млада партизанка“ и „Земјо моја“. Членката на нашето здружение, поетесата Божана Трајковска се претстави со лична творба напишана па тој повод „Поема за Христијан Тодоровски Карпош “.

**Славица Ламбаша**

Активности на Црвениот крст на Македонија

# За поубава трета доба

Грижата за лицата од трета доба, покрај тоа што е обврска, почит и љубов на нивните најблиски во семејстото, исто така е обврска, одговорност и должност на повеќе институции на општеството. За тоа какви актвности презема Црвениот крст на Македонија за поквалитетен живот на старите лица, за нивно активно страеење и поубаво секојдневие, за ублажување на тешката социјална состојба кај мнозина од нив, за осаменоста и другите проблеми, разговараме со секретарот на Црвениот крст на Скопје, Сузана Тунева Пауновска.

Во описот на мисијата на Црвениот крст таа го нагласи значењето на дневните центри што се отворени во Скопје, Велес, Крива Паланка и Неготино.

„Со нашите активности настојуваме да ја подигнеме свеста кај помладата популација за тоа дека старите лица се наши родители, наши баби и дедовци кои ја заслужуваат нашата грижа и внимание. Во таа насока ги надградуваме капацитетите на луѓето и заедницата за изнаоѓање одржливи решенија за задоволување на најбитните потреби и ранливи состојби, – вели Пауновска.

**Веќе неколу месеци, во просторите на хуманитарниот дом „Даре Џамбаз” во Скопје е отворен и успешно работи Дневниот центар за стари лица, како и Центар за давање помош во домашни услови на оние кои не се во состојба да го посетуваат.**

– Дневниот центар во „Даре Џамбаз” е пријатно катче за посетителите од третата доба, на кои им се овозможува да проследат разни предавања, да се здобијат со корисни совети во врска со тешкотите што ги имаат и да поминат пријатни мигови во разговор и друждње. Секој вторник се одржуват предавања кои ги држат здравствени работници, психолози, социолози и други стручни лица, како што беа оние на нутриционистите Цвета Динева и Павлина Андонова. Едно од најмасовно посетените предавања беше тоа за срцевите заболувања и хипертензијата што го одржа д–р Милка Клинчаровска. А за проблемите од психолошка природа, како што се причинителите за хипертензијата и стресот како фактор, говореше Илија Дејановски, здравствен психолог од болницата „Филип Втори”.

Не помал интерес предизвика предавањето на тема „Позитивните погледи и сфаќања за старата популација” чиј предавач беше Дивна Лакинска, пензиониран професор психолог. Од лепезата на бројните активности можат да се спомнат и одбележувањата на Денот на дијабетисот, Светскиот ден на гладот и друго. Младите стручни лица од Дневниот центар заедно со членовите на подмладокот на Црвениот крст, неодамна спроведоа акција во која продаваа слатки, а средствата собрани од акцијата беа донирани на старите лица на кои им беа потребни. Така беше и со одбележувањеo на „Осми март”– Денот на жената. Инаку, во прогрмата на Дневниот центар се вклучени 34 волонтери на Црвениот крст, кои со својот личен пример упатуваат порака за постојаната грижа за старите лица. **М. Паунова**

„Универзитетот трето доба” – Скопје

# Резултати достојни за почит

Минатата тринаесетта година од основањето на „Универзитетот трето доба” – Скопје (УЗД), се совпадна со Европската година на активно стареење и меѓугенерациска



соработка и солидарност 2012. Тоа беше особена прилика за збогатување и интензивирање на програмата за работа и понагласена афирмација на активностите за подигнување на свеста за активен и достоинствен живот во трето доба, што беше мотив за зголемување на интересот за активен и здрав живот кај поголем број повозрасни редовни, вонредни и дописни „студенти”.

Програмата за доживотно учење, опфаќа теми од областите на здраството, алтернативната медицина, природните и општествените науки, психологијата, андрагогијата, филозофијата, мистицизмот и паранауките. Спектарот на опфатените теми и подрачја постојано се проширува и продлабочува.

Посебен поттик за интензивирање на редовните активности и уште поголема афирмација, дадоа добро организираните екскурзии во нашата и соседните земји и средбите со тамошните колеги во Бугарија – Перник, Плевен и Ќустендил; во Србија – Ниш, Врање, Врањска Бања и Манастирот Прохор Пчински; во Албанија – Тирана, Драч, Валона, Круја, Елбасан, Пустец, Корча и Поградец, како и Меѓународната конференција „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност” одржана во јуни во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје; Посетата на Универзитетот трето доба во Словенија за време на одржувањето на Традиционалниот XII Европски фестивал на трето доба во Љубљана, како и реализираниот проект за меѓугенерациска соработка „Републички детски литературен фестивал Ракатки 2012” финансиски подржан од Министерството за култура на РМ.

Најголемо признание за активноста на Универзитетот е очигледното задоволство од квалитетната преобразба, која што има влијание врз севкупниот живот, подобрената здрствена, ментална и физичка состојба, намалените лекарства, подобрените семејни односи и третманот на припадниците на третото доба, кои не треба да бидат прерано отпишани.

**м-р Томислав Димишковски**

ЗП Македонска Каменица

# Активни и во 2013 година

ЗП Македонска Каменица и оваа година ја започна со активности според донесената Програма за работа. Како и претходниот период, локалната самоуправа ги поддржува пензионерите во сите активности и претставува главната потпора на Здружението. Во сите области се преземени мерки за подобра реализација на програмските задачи и навремена подготовка на учесниците во регионалните и републичките пензионерски спортски натпревари и ревиите на песни, музика и игри.

Здружението досега организираше повеќе средби и дружења по повод празниците, а градоначалникот на прославата на Денот на жената – 8–ми март им приреди уште едно изненадување со доделувањето персонален компјутер како донација од Собранието на општината во знак на добрата и плодна соработка на сите полиња.

**Павлина Георгиева**

ЗП Охрид и Дебрца

# Мошне успешна 2012 година

ЗП Охрид и Дебрца на 23 февруари ја одржа својата отчетна седница на која беа прифатени Извештајот за работа, Годишната сметка за 2012 и Програмата за работа во 2013 година. Во воведнто излагање претседателот на ИО **Ѓорѓи Трпчески**, опширно ги презентираше сите активности и резултатите од работењето и на Клубот на пензионерите со посебен осврт на финансиските резултати, кои и во минатата година бележат позитивен тренд. Тој посебно ја апострофираше соработката со СЗПМ, со ЗП на Поградец – Албанија, Врање – Србија, Стара Загора – Албанија, Локалната самоуправа на општините Охрид и Дебрца и и невладини организации. Во таа насока ги посочи напорите на ЗП за изградба на Дом за стари лица.

Во поздравниот говор претседателот на СЗПМ Драги Аргировски истакна дека со задоволство присуствува на ваква седница на која се набројуваат истакнати резултати на сите полиња. Тој истакна дека СЗПМ минатата година организираше бројни активности кои ќе останат забележани. Такви активности беа: љубилејната ревијата на песни, музика и игри со учество на 1.500 присутни, пикник средбите на кои присуствуваа 15.000 пензионери, Републичките спортски натпревари на кои спортски се бореа 1.150 спортисти и друго. На крајот во своето излагање тој подвлече дека активностите планирани во 2013 година ќе се реализираат под мотото: „Европската Унија – пријател на старите лица“.

На отчетната седница на Собранието, членовите и гостите, на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, со акламација му се заблагодарија за убавите зборови и му упатија искрени честитки за неговиот избор за „ЛИЧНОСТ НА ГОДИНАТА“ и за авторството на книгата „НАШИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ВРЕМИЊА“.



**К.Спасески**

ЗП Битола

# Заложба за подобар пензионерски стандард

Во големата сала на ЗП Битола, на 21 февруари 2013 година, се одржа тринаесеттата седница на Собранието, на која покрај членовите, присуствуваа и претседателите на ограноците, како и членовите на Надзорниот одбор.

Воведно излагање по извештајот за работата на Собранието поднесе претседателот **Стево Бојаџиев**, кој ја истакна успешноста во работењето на Здружението, во рамките на донесената програма, наведувајќи повеќе значајни реализирани активности. Иако претходно во писмена форма беше доставен до сите членови на Собранието извештајот за финснсиското работење, сепак подетално беше образложен од страна на **Станко Сипковски**, претседател на Надзорниот одбор. Извештајот за финансиското и материјално работење, всушност, беше во фокусот на расправата, при што детално беа претресувани поедини ставки од доставените материјали. Со оглед на искуството на членовите не изостана и предлагањето на одредени решенија со цел подобрување на стандардот на битолските пензионери во оваа година.



На седницата беше разгледана и усвоена завршната сметка на Здружението за минатата година, а беше донесена и Програма за работа за оваа година, која ја образложи претседателот на ИО на ЗП Битола, **Томе Илиоски**. Тој посебно ги нагласи активностите каде што е потребна поголема организираност и вклученост на поедини комисии и групи на пензионери. Сите документи беа едногласно усвоени.

**Добре Тодоровски**

ЗП Радовиш и Конче

# Сработено повеќе од очекуваното

На 22 февруари, Собранието на ЗП Радовиш и Конче одржа отчетна седница на која се усвои Извештајот за работата на Здружението, Финансискиот извештај за 2012 година, како и Програмата за работа и Финансискиот план за 2013 година.

Со седницата раководеше претседателот **Јордан Костадинов** кој го образложи Извештајот и позитивно се изрази за остварените активности. Не криејќи го задоволството од постигнатото, тој меѓу другото истакна дека во минатата година поставените цели успешно се реализирани со скромни финансиски средства и со несебично залагање на сите и заклучи дека е сработено повеќе од очекуваното. Во текот на извештајниот период, во сите активности од културата, спортот, здравствената заштита, како и учеството во акции од поширок општествен интерес се вклучија преку 6000 членови на Здружението. Во обемната дискусија **Павлина Чабукова, Камче Атанасов, Славчо Ристов, Борко Тадиров, Симеон Спасов, Трајче Шароњев, Васил Газепов, Петар Јанков, Стојан Здравев, Зујца Ангелова, Атанас Ристов и Лазар Лазаров**, изнесоа позитивни оценки за материјално–финансиското работење и дејствувањето на Здружението, а воедно дадоа нови идеи и предлози со цел да се збогати содржината на работата во 2013 година.



**Лилјана Младеновска**

ЗП Кисела Вода

# Усвоена годишната завршна сметка

Усвојувањето на годишната завршна сметка за 2012 година, Извештајот за извршените програмски задачи, работењето на органите и на телата и на нивните комисии, како и извештајот на Надзорниот одбор, беа главни точки на шестата седница на Собранието на ЗП Кисела Вода. Претседателот на Извршниот одбор, **Благој Арсиќ**, ја образложи финансиската програма на сите 14 ограноци. Според него, работата на органите и на телата главно се засноваше на програмските содржини, реализирани низ целите и задачите од Статутот преточени во програмите за конкретни активности. Надзорниот одбор, надлежен за контрола на потрошените средства, заклучи дека не се констатирани отстапки од предвиденото и дека завршната сметка е усогласена според законските прописи. Во расправата, дел од претседателите на ограноците констатираа дека за разлика од претходните години, сега била добиена детална анализа за вкупните и потрошените средства. Во дискусиите особено беше потенцирано повеќе да се посвети внимание на спортските активности за да се постигнат подобри резултати. Од огранокот Студеничани побараа доколку може, да се направат напори да им се отвори пензионерски клуб. Се постави и прашањето за изградба на Пензионерски дом на ЗП Кисела Вода. На крајот на расправата едногласно беше усвоена завршната сметка на ЗП Кисела Вода. Заклучено е активно да продолжи воспоставената соработка со локалната самоуправа на повеќе полиња, како и со другите здруженија на пензионери.



На свечениот дел од седницата на предлог на ИО на ЗП Кисела Вода, а со одлука на Собранието, претседателот Доне Тодоровски им додели благодарници на поединци и на истакнати членови на ЗП Кисела Вода, кои со нивната активност дале придонес и поддршка во остварувањето на целите и задачите на Здружението.

**Христо Марковски**

ЗП Демир Хисар

# Активностите продолжуваат

Собранието на ЗП Демир Хисар одржа проширена седница на која присуствуваа и председателите на 17–те ограноци. На седницата позитивно беше оценета работата на здружението, а беа разгледани и усвоени годишниот Извештај за работата на органите и телата, Завршната сметка за 2012 годинаи и Извештајот од Надзорниот Одбор.

Воведно излагање поднесе претседателот на ЗП Демир Хисар, **Пере Петрески**, потенцирајќи дека сите програмски активности кои беа планирани во програма за 2012 година успешно се извршени, во рамките на здруженијата на пензионерите од југо–западниот регион и СЗПМ.

Програмата за работа за 2013 година едногласно беше прифатена, а во неа меѓу другото акцент се става на учество на општинските, регионалните и републичките спортски натпревари и учество на ревиите на песни, игри и ора на регионално и републичко ниво. Исто така, во програмата се предвидува да се продолжи со вториот дел од акцијата за грижа на најстарите изнемоштени пензионери, да јакне соработката со други здруженија, да има посета на значајни културно–историски знаменитости, доделување на парична помош на пензионери со ниски примања, бесплатни медицински прегледи за пензионерите во соработка со ПЗУ д–р Најдовска и друго.

Председателот на Надзорниот одбор, Ќирило Блажевски го образложи Извештајот од Надзорниот Одбор, и подвлече дека овој орган редовно ги следел движењата во приливот и одливот на финансиските средства. Констатацијата беше дека се работело домаќински и одговорно.



**Зоран Стевановски**

ЗП Пробиштип

# Одговорно и домаќинско работење

Првиот квартал од годината е период кога се прават анализи на она што е планирано, а што од планираното реализирано во предходната година, со какви финансиски средства се располага и како истите се наменуваат, со какви резултати е завршена годината. Токму овие прашања беа предмет на седница на Собранието на ЗП Пробиштип која се одржа на 5–ти март годинава. Претседателот **Груица Манасиевски**, накратко ги изнесе видувањето на ИО при што ја изнесе констатацијата дека сите планирани активности се целосно реализирани.

– Зад нас остана уште една година, со резултати со кои можеме да се гордееме, како во делот на културата, спортот, така и со финансиските резултати. Ние сме мало здружение, но ентузијазмот е секогаш присутен и не влече напред.

Според резултатите од финансискиот извештај, може да се каже дека се работело одговорно и домаќински и со истата динамика треба да се продолжи во наредниот период. Во здружението постојат активности од повеќе области во кои секој може да се пронајде. Едно од поинтересните прашања кое се најде на дневниот ред беше Правилникот за управување со пензионерскиот дом, од причина што до пред неколку месеци домот беше во сопственост на државата и ПИОМ, но откако се пронајде целокупната документација и се докажа дека истиот е граден на иницијатива и со средства на пензионерите, домот е вратен во владение на пензионерите во Пробиштип. На седницата се донесе Правилник и критериуми за издавање на гарсониерите. Исто така, се донесе одлука да се започне со реновирање на домот со што во него би се создало пријатно катче за престој, релаксирање и забава на членовите на Здружението.



**М. Здравковска**

ЗП Сарај

# Остварени програмските определби

На 20.03.2013 година, ЗП Сарај, одржа отчетна седница. На дневен ред беа точките: Верификација на мандатот на еден член на Собранието; Извештајот за работа и Финансискиот извештај за 2012 година и Програмата за работа и Финансиски план за 2013 година. На седницата присуствуваа: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, претседателот на СЗП на градот Скопје, градоначалникот на Сарај, како и претставници од ЗП Тетово, ЗП Тавталице и ЗП Гостивар. Преседателот на ЗП Сарај, Руфат Рамадани, откако ги поздрави присутните, поднесе извештај за работата на здружението во 2012 година. Тој, меѓу другото, ги изнесе резултатите и потешкотиите на здружението, како и соработката со локалната самоуправа и активностите и резултатите на здружението во 2012 година.Тој изрази надеж дека во новата општинска зграда ќе има простории и за ЗП Сарај, според ветувањата. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, му ги честиташе постигнатите резултати на ЗП Сарај, а потоа информираше за некои активности поврзани со работата на СЗПМ. Тој, меѓу другото ги спомна: бесплатното лекување на пензионерите со ниски пензии, бањско–рекреативно лекување, снижувањето на цените на некои лекови, вклучувањето во структурите на СЗПМ и другите ентитети и друго. Во дискусијата учествуваа и: Крсте Ангеловски, Нијази Џелили, Шабан Азизи, Методија Новковски, Симеон Делевски, Фетах Демири, Гани Исмаили и Баки Бакиу. По дискусијата, едногласно беа усвоени и сите документи.

**Баки Бакиу**

ЗП Дојран

# Сите документи усвоени со акламација

– Можам да истакнам дека 2012 година ни беше една од поуспешните години во која се реализираа бројни активности, – истакна во воведот на седницата на Собранието претседателот на ЗП Дојран **Боривое Бојаџиев**. Во однос на исполнувањето на програмските активности и потрошените средства беше констатирано дека плански и домаќински се работело и сите активности се одвивале во рамките на планирањето. Резултатите се видливи во носечките активности, како што се ревиите и спортските натпревари кои ги организира СЗПМ, како и на сите 4 средби на песни, музика и игри, во Богданци, Кавадарци, Прилеп и Дојран. Спортистите од ова Здружение мошне добро се покажаа на пензионерските спортски натпревари во Валандово каде освоија 3 први места: пикадо жени, табла жени и табла мажи, при што се здобија со правото за учество на Републичките спортски игри. Уште да ги спомнеме и пикниците во Демир Капија, Радовиш, Колешино (Ново Село) и уште многу други активности кои ќе бидат запаметени како посебни постигнувања.

Позабележителни дискусии на седницата имаа: **Ѓорѓе Терзиев, Костадин Делев, Панче Кадиев, Мирко Узунов** и други.

На крајот од седницата со акламација беа усвоени завршната сметка за 2012 година и Програмата за 2013 година.

**Б. Б.**

ЗП Гази Баба

# Позитивна оцена за работењето

Здружението на пензионери „Гази Баба" Скопје, на 22.02.2013 година одржа седница на Собранието на која присуствуваа и претседателите на ограноците, претставник на Надзорниот одбор, како и гости од СЗПМ, ГСЗП на град Скопје и претставници од збратимените здруженија на пензионерите од Куманово и Струмица и на здруженијата на пензионери од Скопје, „Солидарност Аеродром", „Кисела Вода", „Центар" и „Тафталиџе". На седницата беа разгледани материјалите за финансиското работење во 2012 година, извештаите на Надзорниот одбор и пописната комисија, како и Извештајот за работењето на органите и телата на Здружението во 2012 година. Исто така, беше разгледана и едногласно усвоена Програмата за работа на Здружението во 2013 година.

Сите документи за кои расправаше Собранието беа позитивно оценети и едногласно прифатени. Посебно внимание беше посветено на хуманитарните активности и помошта на пензио-



нерите со нарушено здравје и со ниски пензии, со препорака тој тренд и понатаму да продолжи во согласност со можностите на Здружението.

**Благоја Атанасовски**

ЗП Солидарност – Аеродром Скопје

# Примерни постигнувања

Собранието на Здружението на пензионерите Солидарност– Аеродром деновиве ја одржа шесттата седница на која беше усвоен Извештај за работата на органите и телата на здружението во текот на 2012 година како и позитивните финансиски резултати.

Претседателот на Извршниот одбор, **Димитрија Богатиноски** и секретарот **Милорад Ристоски** во уводните излагања констатираа дека во минатата година ова здружение постигна видни и напредни резултати во повеќе области и активности. Тоа посебно се однесува на работата на ограноците и клубовите, и на секцијата за културно–забавен живот.

Учествувајќи во дискусијата претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски** направи сублимат на годишните постигнувања на ниво на Сојузот и на здруженијата при што е остварено интерактивно дејствување со сите институции на државата во интерес на пензионерското организирање и подобрување на статусот и стандардот.

Во оваа прилика на истакнати активисти



членови и на институции со кои соработува здружението претседателот на Собранието, Стамен Филипов им врачи благодарници.

**И.Г.**

ЗП Кочани

# Успешен репрезент

Здружението на пензионери на Кочани го одржа редовното годишно собрание на кое беше разгледан извештајот за работата на Здружението во 2012 година со финансискиот извештај, како и програмата за работа на Здружението во 2013 година.

– Во минатата година Здружението на пензионери на Кочани оствари богата програма во која беа вклучени голем број здруженија и пензионери, како во здравството, спортските, културните и рекреативните активности и на активот на пензионерки. Кочанската пензионерска организација учествуваше и беше домаќин на регионалните спортски игри како и на Фолклорната ревија, со учество и на републичките спортски натпревари и на Ревијата на песни, музика и игри одржана во Скопје. Фолклорниот ансамбл на ЗП Кочани минатата година достојно ја претставуваше Република Македонија на фетсивалот на трета доба во Љубљана, Република Словенија, каде што одржа три концерти и



оствари богата културна и друга размена со домаќините, – истакна Ѓорги Серафимов, претседател на ЗП Кочани.

Според Серафимов програмата за работа на Здружението од Кочани е богата и содржајна, во која изградбата на регионалниот пензионерски дом во Кочани има приоритетно значење. Покрај другото, планирано е отворање на уште два пензионетрски клуба, како и соработка и размена на искуства со здруженијата на пензионетрите од Берово, Кавадарци и други градови од Македонија.

**К. Герасимов**

ЗП Центар

# Нов пензионерски дом - неминовна потреба

Собранието на ЗП на Општина Центар – Скопје одржа отчетна седница. Во воведните напомени на претседателот на Собранието **д-р Крсте Ангеловски и Павле Спасев**, претседател на ИО, како и во дискусијата, беше констатирано дека здружението во 2012 година, има остварено значајни резултати во работата. Бројни активности бележат и комисиите: за култура, за забавен живот, за одмор и рекреација, за спорт, за здравствена заштита, за статутарни и други правни прашања, како и комисијата за информирање.



Во работата на Собранието на ЗП Центар учествуваше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој се задржа на европските реформи во Сојузот и во сите здруженија, меѓу нив и во Центар. Се спроведоа бројни активности од национален интерес, како на пример, фолклорните ревии кои се покажаа и докажаа како чувари на нашето богато фолклорно наследство. Претседателот Аргировски потсети дека од Нова година 120 000 пензионери во земјава имаат бесплатно болничко лекување (со пензија до 10 850 ден), 10 000 пензионери ќе користат бесплатно климатско–бањска рекреација, а се прават напори и во деновите кога пензионерите се возат бесплатно во автобусите на ЈСП, да има засилени безбедносни мерки, бидејќи токму тогаш се случуваат голем број кражби.

На седницата едногласно беше усвоен Извештајот за работата и за материјално финансиското работење на здружението во минатата година, годишната сметка на приходите и расходите и Програмата за работа на Собранието и на ИО во 2013 година. Стана збор и за поголемо користење на рекреативниот центар Катланово и за зголемување на хуманитарните акции, а беше залкучено дека неминовна е потребата од изградба на нов пензионерски дом.

**Цветанка Илиева**

ЗП Ѓорче Петров

# Конечно здружени



Собранието на ЗП Ѓорче Петров на 5–ти овој месец ја одржа седмата седница, која се одвиваше во два дела: свечен и работен дел. На свечениот дел од седницата едногласно беше донесена Одлука за присоединување на Здружението на старосни и семејни пензионери во единицата на локалната самоуправа Ѓорче Петров кон Здружението на пензионери Ѓорче Петров. Потоа беше верификуван мандатот на новите членови на Собранието и се изврши избор на членови на Извршниот одбор. Беше донесена и одлука за изменување и дополнување на Статутот на Здружението на пензионери Ѓорче Петров.

Во вториот дел на седницата беа разгледани Извештајот за работата во 2012 година, Извештајот за финансиското работење во таа година, Програмата за работа во 2013 година и финансискиот и Извештајот на Надзорниот одбор.

На седницата присуствуваа и претставници од здруженијата на пензионери Тетово, Сарај и Тафталиџе. Воведни напомени по предложените материјали поднесе претседателот на Извршниот одбор **Методија Новковски**. Тој во своето излагање истакна дека минатата година е најуспешна во остварувањето на програмските задачи. Посебен акцент беше ставен на заштитата и остварувањето на правата на пензионерите, при што ја нагласи потребата од организирање бесплатна правна помош за пензионерите.

**Драги Аргировски** претседател на СЗПМ искажа задоволство од постигнатите резултати на Здружението, а потоа информираше за планираните активности на СЗПМ во 2013 година. Учествувајќи во дискусијата **Методија Тошевски** потпретседател на ИО на СЗПМ информираше за програмските активности на СЗПМ. На крај беа усвоени сите документи.

**Љубинко Ристов**

ЗИТ КИП Тетово

# За 400 членови огревно дрво

Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија во Тетово, на годишната седница на Собранието одржана на 26 февруари, ги разгледа и усвои извештаите за работа и за финансиско работење, како и материјали од финансиска природа. Како во материјалите, така и во воведното излагање на претседателот **Југослав Аризанковски**, беше подвлечено дека ова здружение во целост ги остварило програмските обврски, а се ангажирало и во остварување на активности кои ги наметнале времето и потребите.

Здружението има 3.070 членови, иако уште околу 380 се во паралелното здружение формирано во 2007–та година. Собранието на ЗИТ КИП Тетово смета дека треба да се обединат сите паралелни здруженија во една општина и да се создаде единствен Сојуз на ниво на Македонија.

Според податоците изнесени на седницата, 2.500 членови на ова здружение користат попуст во фиксната телефонија на „Македонски телеком". Во текот на минатата година 400 членови биле организирано снабдени со огревно дрво во вкупна количина од 2.600 кубни метри, а го исплаќале на шест рати. Организирани забави во текот на годината имало за повеќе празници и поводи, а биле остварени и гостувања на сродни здруженија од земјата. На 121 член им е доделена еднократна помош, а на уште четворица им биле дадени по 6.000 денари за влошена здравствена состојба или за елементарни непогоди. Остварена е соработка со бањско–климатските лекувалишта, а организирани биле излети во повеќе градови и локалитети. Здружението беше севкупен победник на спортските натпревари



одржани во Маврово, на кое учествувале претставници од 14 здруженија со над 100 натпреварувачи. ЗИП КИП Тетово бил и домаќин на прославата одржана во Лешочкиот манастир со учество на 400 членови од 12 здруженија.

Тетовското здружение остварува соработка и со Сојузот на инвалиди на трудот од соседна Албанија и во текот на годината имале взаемна размена на делегации.

На седницата беа утврдени и програмските задачи на Здружението за оваа година.

**С. Димовски**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Меѓународна соработка - приоритет

„Во текот на минатата година, ЗП Дебар и Центар Жупа имаше повеќе активности. Им беше овозможена социјална и материјална поддршка на повеќе пензионери кои имаат потреба од тоа, како и земање на разни прехранбени артикли на рати. Над 2 илјади пензионери земаа учество во сите активности на СЗПМ. Покрај тоа, имаа и плодна соработка со сродните здруженија во земјата, како и со повеќе градови во соседна Албанија."

Ова меѓу другото беше речено во годишниот извештај кој го презентираше претседателот на здружението **Бесник Поцеста**, кој е и потпретседател на Собранието на СЗПМ. Исто така, тој додаде дека големо значење за пензионерите има зголемувањето на пензиите, како и фактот што позицијата на пензионерите во државата е се подобра. Поцеста зборуваше дека добар дел на дебарските пензионери од ова здружение се активни во спортските и културни случувања. Поцеста зборуваше и за големото значење на соработката со здруженијата од Албанија.

– Имаме плодна соработка со Здружението од Поградец и со други здруженија во Албанија, а овие активности ќе продолжат и во текот на оваа година, рече тој.

Во името на СЗПМ присутните ги поздрави секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**.



Претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија во Поградец, **Назиф Далјани**, исто така, им се обрати на присутните и при тоа рече:

– Ние како пензионери имаме голем придонес за добрите билатерални односи меѓу Македонија и Албанија. Нашата соработка започна 1995 година и таа трае и денес.

На крајот со гласање беше усвоен Извештајот и завршната снетка за 2012 и Програната и финансискиот план за 2013 година.

**Вјолца Садику**

ЗП Крушево

# Задоволство од постигнатото

И Собранието на ЗП Крушево на 28.02.2013 година одржа годишна отчетна седница на која се расправаше по повеќе значајни документи: извештајот за работата на Собранието и неговите органи, извештајот за финансиското работење, извештајот на Надзорниот одбор, Програма за работа и Финансискиот план на Здружението за 2013 година и друго.

Воведни излагања за работата на Собранието поднесоа претседателите на Собранието на ИО **Крсто Стојаноски и Никола Николоски** кои го изразија своето задоволство од постигнатите резултати во минатата година. Воведно излагање за финансиско материјално работење на Здружението поднесе секретарот **Глигор Ангелески** кој истакна дека приходите и расходите се остварени во рамките на планираното. Претседателот на Надзорниот одбор **Никола Атанасоски** ги информира присутните дека средствата се потрошени согласно годишниот финансиски план. Во расправата по овие документи учествуваа зедоа повеќе дискутанти. По мошне конструктивна расправа, членовите на Собранието ги усвоија сите документи

Тежиштето на работата на Здружението и во 2013 година ќе биде на заштитата и унапредување на правата од ПИО и поквалитетна здравствена заштита во Општината, како и подобрување на квалитетот на живеење на пензионерите.

**Г.А.**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Кукла



Сега веќе далечната 1992 година, мојот пријател, авторот **Ристо Ѓ. Јачев** ми ја подари книгата **Кукла.** Ја прочитав, што се вели, на еден здив. Прилично ме збрка одредницата **„роман за деца и младинци“.** Книгата, како што ќе се види, третира теми кои се од највисоко значење за опстојбата на нацијатата, за татковината, за војните, убиствата, за смртта, прогонствата, за љубовта, за раѓањето, за траењето – наспроти сѐ. Тогаш, на што се темели таа? Издавач е **Детска радост,** не е белки заради тоа. Можеби одговорот треба да се бара во фактот што **приказните се раскажани бајковито.** Ако е така, недвојбено станува збор за **бајковит реализам,** дискурс што лично го преферирам. Уште тогаш се почувствува извесна презаситеност од класичниот оти остава помалку простор за творечко читање, за откривање и на подлабоки значења иманентни на исписот од оние до кои се доаѓа без поголем напор.

Романот по многу надворешни и, особено внатрешни белези, е иновативен. Нема поделба на глави кои претставуваат заокружени епизоди. Има сликички кои се редат една по друга според логиката на настаните и учесниците во нив, по некои асоцијативни, чудесни патишта, неретко и сосем неочекувано. И покрај тоа се чита лесно. Тие минијатури, навидум едноставно, се слагаат во една мозаичка, голема фреска, налик на драматичните мурали на Борко Лазевски. Всушност, раскажувачката граѓа е поделена само во три одделно насловени поглавја: **Прогонство, Индија и Враќање.** Тие се носечките столбови на сижето. Дејството временски е лоцирано во првата деценија на 20. век, 1908 до 1912 година. Да потсетиме дека тоа се совпаѓа со крупните историски поместувања на Балканот поврзани со петвековното владеење на Отоманската империја на оваа ветрометина. „Господарот на Босфорот“ е тешко болен, демнат однадвор, присилуван одвнатре од Младотурците да се реформира и осовременува во духот на Европските општества. Таа жестока граѓа авторот ја организира и интерпретира со примирен тон. Свесно се брани од патетика, ја релативизира со хуморни отклони, или со нагли прекини. Лирскиот израз е природен за бајковитиот реализам, секогаш поинаков, личен, во корелација со ликот кој ја раскажува сопствената приказна. Оние места кои по својата суштина се мрачни и долгорочно судбински се многу поблиску до стриктниот реализам. Таков е крајот, **разрешницата, во кој поекспилицитно е отсликан трагизмот на Македонецот, кој во битките е топовско месо, а потоа станува паричка за поткусурување.**

Пред да кажам уште некој збор за романот, предлагам да го запознаеме авторот. Ристо Ѓ. Јачев роден е на 15. мај 1942 година во село **Долно Родево**, Воденско, Егејска Македонија. **Поет, романсиер, книжевен и театарски критичар, преведувач, антологичар.** Рано ги спознава животните неправди кон народот на кој му припаѓа и со него ја дели судбата што им е заедничка. Прогонот за време на Граѓанската војна во Грција, ќе го донесе во Вардарскиот дел, каде и ќе се образува од основно училиште до Филозофскиот факултет во Скопје, на кој дипломира во групата – југословенка книжевност. Едно време работи како артист и професор во средно училиште, а останатиот работен век до пензионирањето го поминува во Радио Скопје како новинар и уредник.

Каде и да бил неговото најсигурно прибежиште била литературата. Повеќе од 40 години впечатливо е присутен во растежот на македонската книжевност. Првата книга поезија **Кавал и Магија** ќе ја објави 1967, а фактот дека истата година е примен во ДПМ потврдува за каква дарба станува збор. Неговотото творештво е обемно. Сумарно, според податоците што ми беа достапни, околу: **20 поетски книги, 6 драми и радио драми**, романите: **Вечерни ветрови, Кукла, Јаков, Патот на Ангелите (трилогија), Алексеј, Сивите гребени, Синот на свештеникот.** Ќе ми прости ако сум превидел некој наслов.

Наградуван е во двете области од неговото творештво: **Студентски збор, Кочо Рацин, Стале Попов, Златно перо, Нарциса, Григор Прличев за поемата Вакафска земја, Мелник 2000 (Р. Бугарија), Ацо Шопов...**

Како секој откорнатик од родната почва вечната тема е поврзана со неговиот бол – непребол. Во една пригода ќе рече: *„Животот и делото на писателот се една целина. Тоа значи дека делото се создава во реалниот живот, а не во лабораторија, не заради егоцентричниот период, уметност заради уметност, туку заради потребата од искрена исповед и порака. Нејзиниот зачеток е во лузната на детството што ниту може, ниту смее да се заборави“.*

**Кукла** го имаше првото издание 1992. и истата година беше наградена со највисокото признание за роман, наградата Стале Попов. Главните носители на дејството се двата лика, Таткото и седумнаесетгодишниот син. Во семејството две нешта се вековна константа: првата, немирење со ропставата и борбата за слобода, втората, 400 годишната традиција во одгледување свилена буба. Оттаму **е изведен насловот на романот.**

Таткото убил заптија, среде бел ден, злостор за кој се бара неговата глава. Тоа е едната причина за долгиот пат кон Индија, сонот на големиот воин Александар, втората, оттаму повторно да се донесе свилената буба, оти постоечката со својот живот ја платила сечата на црниците таа студена зима. На враќање ги пречекуваат **балканските војни и черечењето на Македонија.** Обидот да откријам нешто од приказните е залуден, *„гревота е да се прераскажува добра книга“.* (П. М. Андреевски). **Едноставно, прочитајте ја!**

**Борис Шуминоски**

# Стареењето не е само предизвик, туку и нова можност за општеството!

Во рамките на заедничката визија и на стратешките определби за овозможување здраво и активно стареење на населението во Република Македонија, без дискриминација и со почитување на човековото достоинство и личност, **Центарот за регионални истражувања и соработка “Студиорум” и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ)** иницираа пилот истражување за условите и за можностите за здраво и активно стареење во Република Македонија, фокусирано на 6–те здруженија на пензионерите на територијата на Скопје.

Еден од главните заклучоци на истражувањето е дека пензионерите во град Скопје живеат урбан живот и се соочуваат со сите придобивки и недостатоци кои со себе ги носи урбаната средина. Сепак, имајќи ја предвид нивната специфична положба во општеството, како и посебните потреби за одржување на квалитетен и здрав живот, неопходно е да се создаваат дополнителни поволности, со кои ќе се олесни и ќе се подобри животот на оваа возрасна категорија.

Во однос на условите за активно и здраво стареење, пензионерите се главно задоволни, но сепак сметаат дека ова прашање не е многу високо на политичката агенда, и дека националните и локалните власти треба да изнајдат повеќе ресурси и решенија во насока на подобрување не само на условите, туку и на општествениот статус на повозрасното население.

Резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека пензионерите и по напуштањето на пазарот на трудот ја задржуваат активната улога во семејството со живеењето во повеќегенерациски семејства, како и преку издржувањето на други лица од сопствените приходи. Според истражувањето, 50,4% од испитаниците живеат во заедница со сопругот/сопругата, а 48,1% со своите деца или со децата и нивните семејства. Исто така, истражувањето покажа дека голем е бројот на пензионери кои со своите примања издржуваат и други лица. Од оние кои се изјасниле позитивно на ова прашање, 56,4% одговориле дека го/ја издржуваат сопругот/сопругата, а 33,9% – своите деца.

Пилот истражувањето беше презентирано на настанот под наслов: „Партнерства за здраво стареење: Кон социјална карта на пензионерите во Македонија“, кој се одржа на 15 февруари 2013 година во СЗПМ. Еден од заклучоците од оваа средба беше и тој дека стареењето на населението е глобален феномен кој, покрај развиените земји, станува се почеста појава и во земјите во развој, а промовирањето на доброто здравје кај повозрасното население има централна улога во глобалниот одговор на стареењето на населението. Лошата здравствена состојба и пречките за активно вклучување во општествениот живот ги ставаат старите лица на маргините, намалувајќи ја нивната улога и придонес во општеството, и истовремено создавајќи сѐ поголеми трошоци на општеството. Инвестирањето во здравјето на луѓето, и особено на повозрасното население го намалува товарот од болестите, има позитивно влијание врз нивната социоекономска положба, ја поттикнува нивната независност и продуктивност, и на тој начин посредно овозможува огромни придобивки за општеството во целост. Неспорен е фактот дека стареењето на населението значи зголемување на потребата од здравствени и социјални услуги, но во исто време, повозрасното население е важна општествена алка и претставува значаен социјален и економски ресурс, придонесувајќи во општеството преку улогата во семејството и преку активното волонтерско ангажирање во заедницата, каков што е примерот со активното учество во работата на СЗПМ и неговите здруженија – членки, преку кои огромен број лица ги уживаат можностите на заслужениот пензионерски живот, преку дружење, почитување и помагање на другите.

Во насока на определување на идните чекори, истражувањето и учесниците на средбата препорачаа унапредување на условите за здраво и активно стареење со делување на донесувањето одлуки за возрасното население, како и со примена на анализи и истражувања. Недостатокот на податоци, како генерален проблем во РМ, се однесува и на оваа област; создавањето база на податоци за сите пензионери во Република Македонија, преку изработка на социјалната карта, која е нареден чекор во соработката меѓу СЗПМ и ЦРИС Студиорум, ќе даде можност за вистинско согледување на проблемите и нивно ефикасно и целно решавање. Активното стареење е потврден модел во светот за одржување на здравјето, виталноста и долговечноста. Поттикнувањето на активното учество на пензионерите во општеството, секако ќе создаде бројни придобивки, како на социјален, така и на економски план, за сегашните, но и за идните генерации.

**М-р Неда Милевска Костова**
**Извршна директорка на**
**ЦРИС Студиорум**

# Одлука на ИО на СЗПМ

На седницата на Извршниот Одбор на Собранието на СЗПМ која беше одржана на 26 февруари 2013 година беше донесена одлука кои здруженија на пензионери ќе бидат домаќини на Регионалните спортски натпревари и Ревии.

Домаќини на Регионалните ревии на песна, музика и игри ќе бидат: ЗП Кисела Вода, ЗП Велес, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Гостивар, ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Делчево.

Домаќини на регионалните спортски натпревари ќе бидат: ЗП Гази Баба, ЗП Карпош, ЗП Битола, ЗП Струга, ЗП Неготино, ЗП Кратово, ЗП Радовиш и Конче и ЗП Виница.

Регионалните ревии ќе се одржат од 20. април до 20. мај 2013 година.

Републичката ревија на песни, музика и игри 2013, ќе се одржи на 4. јуни под покровителство на министерката за култура и на градоначалникот на Скопје.

Регионалните спортски натпревари ќе се одржат од 20. мај до крајот на јуни, а Републичките пензионерски спортски натпревари се планираат да се одржат на почетокот од септември во Штип.

**К.С.А.**

Великани на македонскиот спорт: ЛАЗАР ЛЕЧИЌ

# Творец на современата кошарка

Низ македонската кошарка минаа многу имиња, кои оставија печат и на кои со задоволство се сеќаваме. Меѓутоа, едно од тие имиња има посебно, нема да згрешиме ако кажеме – почесно место.Тоа е великанот на македонскиот спорт, признание добиено и од Македонскиот олимписки комитет – Лазар Лечиќ. За неговиот придонес во развојот и афирмацијата на кошарката не треба многу да зборуваме: доволно е да се каже дека тој беше основоположник на современата кошарка во Македонија, па се да биде јасно.Со него почна една нова ера во спортот, во кој денеска како држава имаме значајно место не само во Европа, туку и во светот.

Лазар Лечиќ беше првиот тренер што успеа од еден маалски клуб – Работнички, да изгради еден цврст колектив кој беше страв и трепет во силната Прва лига во поранешна Југославија.Со него Работнички ги доживеа најубавите мигови и стана препознатлив кошаркарски бренд од овие наши македонски простори.

– Се почна откако се вратив од школувањето во Белград, каде бев обучуван од еден од најдобрите светски стратези д-р Александар Николиќ.Од него презедов се што можеше да се научи и тоа го пренесов во Македонија, конкретно во Работнички, каде тогашната Управа ширум ми ја отвори вратата и во 1962 година ми ја довери стручната работа во клубот.

Вака ја почна приказната за својот кошаркарски пат Лазар Лечиќ, кој потоа имаше еден бурен живот исполнет со подеми и падови, со радост и тага, со се она што е составен дел на спортот и без кое не се може.

– На почетокот не ми беше лесно. Морав да барам квалитетни играчи, особено од оние повисоките, зашто во тој период во ова наше поднебје тешко се наоѓаа момчиња преку 2 метра. Мака мачев, но некако успеав. Го донесов Владимир Боцевски од Куманово, кој стана легенда во нашата кошарка, потоа Ѓорчевски, Георгиев, Савовиќ, Кацарски, нешто подоцна го открив и Радосављевиќ.Тие заедно со одличниот бековски тандем Јанко Луковски – Стерули Андоновски и со искусниот Александар Књазев, кој се уште беше активен играч, го сочинуваа тимот кој почна да им носи големи радости на љубителите на кошаркта и спортот во Македонија.

Во Работнички доаѓаа и нови генерации и имиња кои се врежаа во сеќавањата на неговите симпатизери. Сите тие, од кои најексплонирани и со највисоките спортски резултати беше Благоја Георгиевски, минаа низ рацете на Лазар Лечиќ.



Потоа Лечиќ својата кариера ја продолжи во прволигашот Борац од Чачак, Олимпија од Љубљана, Војводина од Нови Сад, за во 1983–тата година почне да го креира денешниот МЗТ Скопје, со кој во 1986 година стана член и на Првата југословенска лига, која се сметаше за најсилна во Европа. Стана и селектор на македонската репрезентација, како и тренер на хитот кон крајот на 90–сеттите години Никол Ферт од Гостивар. Но,неговиот темперамент не можеше да мирува и повторно оди во Арис, каде што беше тренер на најголемите кошаркарски ѕвезди кај нашиот јужен сосед – Галис и Јанакис.Таму и завршува неговата активна тренерска кариера.

Во меѓувреме тој беше тренер заедно со селекторот Ранко Жеравица на репрезентацијата на екс–Југославија,која во 1970 година стана светски првак на шампионатот во Љубљана.Тоа беше неговиот најголем тренерски успех,со кој останува забележан и во светската кошаркарска историја.

Тоа е накусо навраќањето на кариерата на нашата кошаркарска легенда Лазар Лечиќ,кој денеска пензионерските денови ги минува во станот во Дебар Маало со сопругата Риска. Од ќерките Мелина и Ана има четири внука: од Мелина – Александар (20) и Лазар (14),од Ана – Андреј (17) и Никола (9). Александар е студент и не е активен во спортот, Лазар игра пинг–понг, Андреј е во младинскиот погон на КК Работнички, а најмалиот Никола е член на пионерскиот тим на Сокол. Дедото сите ги следи, но вели дека Никола е најзагреан за кошарката и не се дели од топката.

Инаку, Лечиќ денот го минува најчесто во таканаречената негова канцеларија, бидејќи е таму најредовен, во пријатниот амбиент од кафулето лоцирано крај тениските терени од хотелот Александар Палас.Тука доаѓаат пријателите, поранешните и сегашните кошаркари, новинарите, луѓе од политиката и бизнисот... Дискусиите, може да претпоставите, се однесуваат на се и сешто. Од спортот, секако, најмногу место има кошарката и настапите на МЗТ во елитната Јадранска лига, потоа она што ја очекува нашата кошаркарска репрезентација со новиот стратег Пипан, инаку добар пријател на Лечиќ. На тв приемникот редовно во друштво се следат настапите на ракометарите на Металург, а не се испуштаат и тениските дуели на Новак Гоковиќ. Ке се согласите – исполнети и интересни пензионерски денови...

**Зоран Михајлов**

## Прашања и одговори

**Дали дополнителното усогласување на пензиите од 550 денари ќе се засмета во височината на пензијата и на така зголемената пензија ќе се даваат наредните усогласувања?**

**Петре Стојчевски**
**пензионер од Скопје**

Одговор:

Согласно член 37 од ЗПИО пензиите од јануари 2013 година ќе се усогласат за 1,15%. Ова усогласување ќе се исплати како разлика за јануари и февруари, со мартовската исплата на пензите, во почетокот на април.

Согласно преодната одредба на член 247–а од Законот за дополнување на ЗПИО (Службен весник на РМ, бр 166/2012 год), пензијата за март претходно тековно усогласена за 1,15% се зголемува за 550 денари и така усогласената пензија ќе служи како основа за наредните усогласувања на пензиите, сметано од 1 јули 2013 година.

**Станка Трајкова**




# Влајко Петковски готви, спортува, игра, глуми...

За некого готвењето е професија, за други занает, а по разговорот со Влајко Петковски може да се заклучи дека е уметност. Овој познат кумановец важи за еден од најдобрите готвачи во градот и пошироко, кој целиот свој живот го посветил на оваа професија, а помладите генерации имале прилика да го запознаат и како пензиониран готвач преку серијалот емисии за кулинарските вештини на Телевизија Куманово пред неколку години.

Роден е во село Романовце, Кумановско,1938 година, каде што завршил основно училиште. Образованието го продолжил во кумановската гимназија и тука завршил два класа, а поради финансиски ограничувања како дете во многучлена фамилија, на товар на снаите, бидејќи рано останал без мајка, решил да се запише во Угостителското училиште во Скопје бидејќи школувањето таму било бесплатно.

Во 1959 година се вработил во Свети Николе, меѓутоа условите не биле добри за учење на занаетот, па патот го одвел во Аранѓеловац во соседна Србија и таму останал до 1961, а по препорака како одличен готвач се вработил во хотел „Палас" во Охрид и таму останал цели 10 години. Работел и како инструктор по готвење во воената касарна во Куманово, како професор во средното училиште „Перо Наков" и ги мотивирал своите ученици да станат врвни готвачи. Во меѓувреме дипломирал на Вишата угостителска школа во Белград и бил шеф на кујна во Фабриката за заварени цевки и профили „11 Октомври", а подоцна во Завод за осигурување од каде што се пензионирал во 2001 година, по 40 години работен стаж.

Уште додека работел, редовно учествувал на многу изложби и постојано бил наградуван, а работниците секојдневно се одушевувале на неговите креации кои им биле сервирани од вештите раце на мајстор Влајко. Неговите аранжирања на храната биле празник за очи, а тортите вистински ремек–дела. Дека готвењето му е животна определба, зборува и тоа дека веќе 11 години е претседател на жири–комисијата на „Пивтијада", манифестација која традиционално се одржува секоја година во Куманово, а во 2003 година направиле обид да влезат во Гинисова книга на рекорди со пивтија од 5 м2.

Љубопитен по природа, сакал да се испроба и во разни спортови и активности, како што е тегнење јаже, пикадо, скокање, брзо одење и трчање...

По пензионирањето се зачленил во пензионерското друштво „Ѓоко Симоновски" во Куманово. Со игроорната група во која долго членува прошетал насекаде низ Балканот. Влајко може да се пофали дека е главен ороводец и истакнат чувар на фолклорната традиција, кој со своите другари игроорци го промовира културното богатство на нашата земја. Кога се формирала драмската секција, Влајко почнал и да глуми! Во секцијата е активен од почетоците до денес, а со улогата на Трендо Бозаџијата во „Ленче Кумановче" го знаат сите кумановци, а особено повозрасните. Глуми и во „Шути и рогати", во "Печалбари" и во „Р", претстава



која моментално ја подготвува кумановската театарска работилница.

За својата културна активност има добиено многу медали за учество на разни приредби и натпревари, меѓу другото и „Благодарница за активно учество и придонес во остварување на културно уметничко творештво на пензионерите" и „Награда за авторски текст" „Шегобијна разгледница", манифестација посветена на 1. Април, денот на шегата.

Слободното време отсекогаш сакал да го поминува на викендичка во својот овоштарник и лозје, произведувајќи разни земјоделски култури и таа страст му останала и до денес.

Секогаш насмеан и духовит, вели дека најдобар начин да се поминуваат пензионерските денови е во дружењето, како што и самиот практикува, а комуникативноста, динамичноста и секојдневните активности му го прават животот побогат. Следната 2014 година, со сопругата Лиле ќе прослават 50 години брак, а од двете ќерки имаат 4 внуци на кои им ја пренел љубовта кон играњето и негувањето на традицијата, како и мајсториите во готвењето. Влајко за се го бидува! А знаете ли зошто? Затоа што се работи со љубов, затоа што ги сака луѓето, работата и активното живеење.

**Ј. Ивиќ**

Во пензионерскиот Клуб на љубители на книгата во Скопје

# Промоција на нова книга

На 26–ти февруари во Клубот на љубителите на книгата на ЗП „Солидарност – Аеродром" во Скопје, се одржа литературна вечер. Како што е вообичаена практика, секој последен вторник во месецот во клубот се одржуваат литературни средби за кои луѓето од третото доба од оваа општина пројавуваат голем интерес. И оваа литературна вечер клубот беше пртесен за да ги прими сите заинтересирани пензионери кои дојдоа да ја проследат промоцијата на новата книга на **д-р Душан Јосифовски** под наслов „Етнопсихологија на македонската нација", што излезе од печат во декември 2012 година. Авторот е роден во 1936 година, сега пензиониран професор по психолошки науки, втемелувач на криминалистичката психологија кај нас, има издадено осумдесетина стручни дела од областа на психологијата. Во оваа книга тој дава осврт на некои општествени, политички и историски видувања, а посебено се задржува на личниот и националниот идентитет, како



резултат од неговото богато научно истражување и бројните сознанија за тоа како се градел националниот идентитет, истакнувајќи дека љубовта и работата се камен темелник на човештвото.

Рецензентите на новоизлезената книга „Етнопсихологија на македонската нација" професор **Милан Бошковски**, научен соработник во институтот за национална историја на Република Македонија и **д-р Слободнка Тодоровска - Ѓурчиновска** психолог, професор на Европскиот Универзитет на Република Македонија, се потрудија на присутните на оваа литературна вечер да им ги доближат содржините од книгата, дадени низ десетината поглавја во кои авторот исцрпно се задржува на изворите и условите врз кои се градел како личниот, така и нациналниот идентитет: Тоа се јазикот, народното усно и писмено творештово, обичаите, прославата на празниците, извонредното богато разновидно фолклорно творештво, искучително долгата традиција, богатото историско минато, но и современото живеење со сите негови особености...

Промотор на книгата беше **Драги Аргировски**, новинар и публицист, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, кој покрај другото истакна дека ова е еден од примерите како треба луѓето од третата доба да се поттикнуваат своите знаења стекнати низ долгогодишното работно искуство, да ги преточат во дела и да го збогатуваат литературното творештво кое останува за вечност.

**М. Паунова**

## Стара мајка

**од Оливера Буковалова**
**пензионерка од Скопје**



Стара мајка на капија си подигна резе,
едвај чека дома некој да и влезе,
Кроце оди по стариот чардак,
да наполни ладна вода во новиот бардак.

Над огниште гравче во грнето врие,
таа рано стана не може да спие.

Туршија за мезе на софра си стави,
денеска бил празник цело село слави.

Се радува кутрата покрај сета беда
треба да и дојдат нејзините чеда.
Барем сега да ги видам таа бога моли,
чемер во срце и легнало и душа ја боли.

Од ковчегот зеде јамболија густа,
не замира надежта и желбата пуста.
Си имаат работа ако нека–нека
ќе ми дојдат догодина, мајката ќе ги чека.

Утрината во дворот магла темна слезе,
некој студ на старата во гради и влезе.
Срцето и пукна од жалови јадна,
не издржа мртва насред соба падна.

Интервју со Проф. Д-р Владимир Иваноски

# Истражува и пишува и како пензионер



***Пред сè, кажете им ги на читателите на „Пензионер плус" најбитните нешта за Вас. Кој е Владимир Иваноски?***

Роден сум во Охрид во многудетно работничко семејство: Во Охрид завршив средно образование, а Филозовски факултет–група историја, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. По завршувањето на војниот рок, три години работав, како кустос, во Народниот музеј во Охрид. По настојување на проф. Александар Христов 1960 г., конкурирав за асистент на Институтот за национална историја на Македонија, каде што ја продолжив мојата научно-истражувачка кариера. Докторирав 1965 год. Целиот работен век го поминав во институтот. Статусот пензионер го стекнав 1996, како директор, по деветгодишно континуирано раководење со оваа значајна национална научна институција.

***Синоним на Вашиот работен ангажман е науката и истражувањето. На што сте му посветиле највеќе внимание?***

Се разбира, на историјата на Македонија. Поконкретно на периодот од крајот на XIX век заклучно со поновиот период. За одделни периоди, проблеми и личности сум истражувал во сите домашни и југословенски архиви, како и во светските архиви меѓу кои: во дипломатските архиви во Москва, во Министерството за надворешна работи на СССР, а потоа и на Руската федерација, Архивот на Коминтерната (РЦХИДНИ), Воеоноисторискиот институт; во архивите на министерството за надворешни работи на Италија, во Подсдам во Германската демократска република (ДДР), во архиви во Тирана и во Бугарија. Преку објавени зборници, сум ја следел документацијата од архивите во Франција, Велика Британија, Соединетите американски држави и други.

***На колку дела сте автор или коавтор?***

Во мојата БИО–БИБЛИОГРАФИЈА нотирани се 57 посебни изданија, од кои, самостоен автор сум на 29 од нив, а во другите коавтор. По својата содржина тоа се монографски трудови, извори, хронологии, библиографии, проекти за монографии, упатства за изработка на енциклопедиски и хронолошки единици, изработка на хроники на населени места и други. Првата монографија ја печатев во далечната 1964: „Формирањето и борбениот пат на Првата македонско-косовска и Првата македонска бригада". Од седумте зборници на документи „Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија", на три сум коавтор и коредактор, а на два самостоен автор. Во првата тротомна Историја на македонскиот народ, сум коавтор. Како што реков ги има доста, а некои од нив и се преведени и издадени и на други јазици како што се: Македонија во борбата против фашизмот (автор), печатена на македонски, албански, турски, српски и англиски, во тираж од 100.000 примероци. Македонските манифести од XX век–автор, печатени како посебни изданија на македонски, руски и англиски. Меѓу моите дела се и повеќе енциклопедиски единици во Енциклопедијата на Југославија, Лексикон на Народноослободителната војна на Југославија (НОР), Хронологијата на Југославија, 1919–1979 и други изданија...

***Работите ли и денес со ист интензитет како пензионер?***

Да, и тоа со зголемен интензитет, но на проблеми по мој избор, без рамковни договори и рокови. Тоа ме исполнува во секој поглед. Посебно сум задоволен од реализирањето на проектот: „Македонија во Втората светска војна-хронологија" што излезе од печат минатата година. На овој проект работевме пет години со колешката Вера Весковиќ – Вангели, која за жал не дочека да се порадува на ова единствено дело од ваков вид во македонската историографија. Во завршна фаза се уште три проекти на кои работам. Покрај објавените две книги за политичките судски процеси за време на бугарската фашистичка окупација на Македонија 1941–1944, во печат е третата од оваа серија за Кавадарци...

***Како што е познато никој не се збогатил од пишување книги. Пишувањето на книги го прави човекот духовно богат и исполнет. Се разбира, задоволството е поголемо ако тие книги дојдат до читателот. Тежок ли е тој пат?***

Да се напише вредно дело, треба многу труд. Ако целосно се внесеш во тоа што го работиш, резултатите нема да изостанат. Задоволството е неописиво, кога делото ќе стане достапно за јавноста. Тоа е што се однесува до улогата на авторот. Но, за жал се по тешко се изнаоѓаат средства за печатење. За материјалната страна подобро е да не зборуваме.

***Освен со науката со што Ви се исполнети пензионерските денови?***

Повеќе години сум во раководните структури на Здружението на борците од НОВ на Македонија. Како член на Претседателството, трет мандат ја водам Комисијата за негување на борбените традиции. Со задоволство и редовно го читам „Пензионер плус" и имам предлог да се размисли за отворање на посебно историско катче.

***И на крајот: со што би се бавеле кога би почнале од почеток?***

Немам дилема, со проучувањето на трагичната историја на Македонија и Македонците, низ вековите минати до денес...

**разговорот го водеше: Калина С. Андонова**

Разговор со Михаил Василев, претседател на ЗП Штип и Карбинци

# Година со многу активности и резултати



**Здружението на пензионерите на Штип и Карбинци минатата година ја заврши со многу активности и забележителни резултати. Претседателе Василев, поучени од работата и искуствата, на што ставивте акцент во одлуките за натамошно дејствување?**

– Реалност е дека населението масовно старее, затоа пензионери и стари лица се повеќе има. Промените на новото време, потрагата по работа на младите во странство, остава многу стари лица на милост и немилост на животните текови. Само во општина Штип има 9.700 пензионери од кои 7.700 се членови на ЗП Штип и Карбинци. Домувањето на пензионерите и во проширените семејства станува тесно. Затоа секојдневно слушам мачни судбини со барање за покрив над главата. Ние во нашиот пензионерски дом имаме дванаесет гарсониери и сите се зафатени, па не можеме да им помогнеме. Затоа во 2013 година, сакаме да започне изградбата на домот за стари лица, каде ќе ги вложиме заштедените средства од Солидарниот фонд, но ќе ни треба и морална и материјална помош и од други субјекти. Во домот планираме да има седумдесет гарсониери.

Сега започнуваме со градење на два клуба, а закупивме простор за уште еден, од кој одвоивме уште една гарсониера.

**Дали сте задоволни од постигнатото во 2012 година?**

– Задоволен сум, ама секогаш може повеќе. Имаме уште многу идеи за реализација. Сите знаеме дека здружението егзистира од пензионерскиот денар, затоа се трудиме да го распоредиме на најдобар начин за да се врати на поголем број од членовите. Така, доделуваме помош за болнички и бањски лекувања, за социјални пакети на загрозени пензионери, вршиме снабдување на огревно дрво на рати, набавуваме прехранбени артикли по пристапни цени и слично. Организираме предавања од областа на здравството и заштитата на старите лица, со Црвениот крст организираме мерење на крвниот притисок и шеќер во крвта, со подмладокот на Црвениот крст ги посетуваме изнемоштените во нивните домови... Едноставно, дејствуваме секаде каде што има потреба и колку можеме.

На културен план организиравме излети и дружења: во Ораовица, на езеро во Дојран, на Беровски и Лесновски манастир и на други значајни културни историски локалитети. Масовни беа дружењата по повод Нова година, Денот на жената, на Бабино блакце во Велес и многу други вакви активности. На овие средби од Штип учествувале 3.600 пензионери, што е мошне завидна бројка. Забележителни настапи имаше и пејачката група од нашето здружение по разни поводи.

**Што планирате во иднина за подобар живот на пензионерите?**

– Како што реков, идеи и планови има многу, но сето тоа не зависи од нас туку и од средствата и од другите фактори од градот и Републиката. Секако дружењата, спортските натпревари и културните настани ќе продолжат во континуитет. Најпрвин ќе се заложиме за проширување на соработката со други здруженија и институции, како што имаме солидна соработка со СЗПМ и претседателот Драги Аргировски. Со директорот на Болницата разговаравме за посета на наши болни. Сакаме да ги реновираме и служебните простории. Сето ова го правиме за доброто на нашите членови. Исто така, пензионерите бараат да се воведе пензионерска картичка со која може да се користи локален превоз во Скопје и во другите градови.

Сакаме да се воведе бесплатна адвокатска помош за пензионерите, зашто знаеме дека тие најтешко се движат и снаоѓаат низ правните лавиринти. Планираме да воведеме локален превоз до бања Кежовица. Амбициите и реализацијата на активностите, на претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев покажуваат дека третата доба не значи само немоќна старост, напротив, тоа е доба кога работниот век завршува, но слободното време може мошне корисно да се пополни со активности, дружења и лични афинитети.

**Ц. Спасикова**

Пробиштип

# Хуманоста и пријателството немаат граници

Богатството на нашиот фолклор се предизвик за многу странски вљубеници на нашите традиции и природни убавини, македонската музика, ора и инструменти. Токму тие, беа предизвик Здружението на пензионерите од Пробиштип преку КУД „Весели Пензионери" да биде посетено од група холанѓани, белгијанци и јапонци. Посетите се претворија во пријателства, а пријателството се преточи во хуманост. Пријателите од Холандија формираа хуманитарна организација под името „Помош за Македонија" која неколку години обезбедува хуманитарна помош во облека, медицински материјали, апарати и помагала па до изворни македонски инструменти.

Во текот на февруари пристигна и седмата пратка на хуманитарна помош во Пробиштип од нашите пријатели од Холандија. Се јави и една од основачите на организацијата „Помош за Македонија" Јесока Готембос која изрази жалење за елементарната непогода што ја снајде Источна Македонија, при тоа замолувајќи дел од помошта да им биде поделена на граѓаните кои ги зафати невремето и им нанесе големи материјални штети, дел е за пензионерите, социјални случаи, а еден дел се специјални пакети наменети за штитениците на Специјалниот завод во Демир Капија.



Општинската организација на Црвениот крст и Здружението на пензионерите од Пробиштип, во рамките на својата беспрекорна соработка, едногласно се согласија помошта да биде поделена според желбата на донаторите и тоа до крај ќе се почитува. Според договорот, најпрвин помошта ќе им биде доставена на штитениците во Специјалниот завод во Демир Капија, а остатокот во текот на април ќе биде дистрибуирана до пензионерите-социјални и жителите од пробиштипските села кои најмногу настрадаа од поројните дождови.

Ваквото функционирање на трите организации, создаде еден круг на пријателство и хуманост и докажа дека музиката ги руши сите мостови и не постојат граници за една меѓународна соработка на полето на културата и хуманоста со што се изградија многу пријателства.

**М.Здравковска**

Куманово

# Меѓугенерациска соработка продолжува



Взаемната соработка помеѓу Здружението на пензионерите „Куманово" и ОО на Црвениот крст досега се искажа на повеќе нивоа. Од март минатата година со младите волонтери на Црвениот крст започна заедничкиот проект „Мало, внимание, голем чин кон постарите лица" што истовремено се совпадна со прогласувањето од Европската унија на годината за грижа на старите лица. Пензионерскиот огранок „Гоце Делчев", како еден од побројните, се впушти во реализацијата на утврдените определби кои подразбираат посета на осамени стари и изнемоштени пензионери и пружање на неопходна помош во набавка на прехрамбени артикли, лекарства, завршување на административни и други неопходни услуги.

Јаворка Манојловска, претседателка на споменатиот пензионерски огранок вели:

– Според евиденцијата броиме над 750 члена. Меѓу пензионерите навистина има такви на кои им е неопходна помош во набавка на артикли, лекови и пред се внимание и топол збор. Пред почетокот на проектот со волонтерите на ОО на Црвениот крст завршивме теоретска и практична обука и навистина задоволство е да се работи со млади луѓе кои сакаат да помогнат на стари и болни лица. Со младата волонтерка Марија Јовановска од почетокот на проектот досега, имаме посетено повеќе пензионери во нашиот огранок. Акцијата продолжи и годинава, затоа што констатиравме дека потребите на пензионерите за нивната здравствена и социјална состојба континуирано продолжуваат.

Манојловска, меѓу другото, го истакнува перманентниот проблем на огранокот, немање на пензионерски клуб во населбата која е една од поголемите во градот. Од тие причини вели таа, состаноците ги одржуваме во просториите на реонското основно училиште „Кочо Рацин" и за разбирањето на директорот неизмерно сме му благодарни.

**Татјана Антиќ**

# Играме - Табла




Игрите за пензионерите се многу корисни активности. Една од овие „занимации" е играта Табла. Тоа е многу стара игра за двајца. За неа се користи посебно конструирана и обележена плоча. Постојат неколку видови играње на табла и повеќе нивоа на една игра (пр. табла – ѓулбара – апс). Комплексноста на правилата зависат од тоа дали се игра за пари или како разонода. Влијание во играта имаат и случајниот елемент и потребната вештина. Среќата се случува при фрлањето на коцките. Секој играч има 15 фигури–пулови кои ги движи помеѓу 24–те триаголници во зависност од фрлањето на двата зара. До изразување доаѓа предвидувањето на веројатностите, вештината во броењето како и стратегијата и тактиката на играчот кога се одлучува како и со кои пулови да ги одигра добиените бројки на фрлените коцки и да внимава на контранапаѓите од противникот. Целта на играта е со движење на пуловите по полињата играчот да ги „извади" сите пулови надвор од таблата. Оваа игра е популарна во многу земји. Во светот има многубројни професионални играчи на варијантата која се вика „бакемон". Формирана е и Светска федерација. Секоја година се одржува светско првенство во Монте Карло, со најдобрите играчи, а во Европа во повеќе држави се играат турнири. Модерната технологија овозможи таблата да се игра на интернет преку компјутерски програми. Оваа игра е во групата за традиционалните пензионерски спортски натпревари и игри кои како „пензионерска олимпијада" се одржуваат секоја година во здруженијата, на регионално и на ниво на СЗПМ. Основните правила брзо се учат и ги регулираат: почетната позиција, основните поими, движењето на фигурите и завршувањето. Помеѓу варијантата „табла" и варијантата „бакемон" има неколку важни разлики. За да се стане добар играч потребно е: искуство со играњето, да се чита литература од таа област и да се врши анализа на потезите. Секој играч има „домашно" поле од таблата (тука се неговите триаголници од бројот 1 до 6). Целта е сите 15 фигури да се донесат во „домашното" поле на таблата. Почетна позиција на пуловите: секој играч започнува така што става по два пула на првиот триаголник и пет пула на дванаесеттиот триаголник кои се во противничкото поле, а други три пула става на својот осми триаголник и уште пет пула става на својот шести триаголник кои се во своето поле (слика). Целта на играта е да се придвижат сите пулови до „домашното поле", а потоа да се иселат. Првиот играч кој ќе успее да ги изнесе сите пулови надвор од таблата е победник во таа партија. Вкупен победник во играта е оној играч кој прв ќе достигне до 15 бода. Добитник е играчот кој ќе ги извади сите 15 пулови од таблата е победник во таа партија. Во случај кога противникот успеал да извади барем еден свој пул, тогаш се запишува дека изгубил 1 бод. Доколку не успеал да извади ниту еден пул, тогаш изгубил 2 бода.

**И.Г.**

# Seanca e 5-të e Kuvendit të LShPM

Më 12 mars 2013, u mbajt seanca e Kuvendit të Lidhjes. Në rend dite të kësaj seance ishin dokumentet: Raporti për punën e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë për vitin 2012; Llogaria përfundimtare e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë për vitin 2012 me Vendim për llogarinë përfundimtare për vitin 2012; Raporti për punën e Këshillit mbikëqyrës i Kuvendit të LShPM, në vitin 2012; Plan financiar për vitin 2013 i LShPM; Programi për punë i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, për vitin 2013; Rregullore për masat teknike dhe organizative për sigurimin e fshehtësisë, mbrojtjen dhe përpunimin e të dhënave personale në LShPM; Ndryshime dhe plotësime i Rregullores për gara sportive; Shpjegimi autentik i Rregullores për gara sportive; Shpjegimi autentik i dispozitave për punën e Komisionit për arbitrim i LShPM; Pranim për anëtarë të LShPM i Shoqatës së pensionistëve "Nov Zhivot"-Butel, Shkup; Verifikim i mandateve të delegatit nga ShP "Solidarni penzioneri"- Ilinden, i ShP Demir Hisar dhe i ShP "Nov Zhivot" - Butel, Shkup; Shkarkim dhe zgjedhje e anëtarit të Këshillit mbikëqyrës i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë.

Fillimisht të pranishmit i përshëndeti kryetari i LShPM Dragi Argirovski i cili në fjalën e tij theksoi aktivitetet më të rëndësishme të cilat ishin arritur në vitin 2012, për të cilat ai theksoi se janë nxitje për vitin 2013. Fjala e tij u përcoll me duartrokitje të fuqishme nga të pranishmit. Pas diskutimit lidhur me Raportin për punën e Lidhjes për vitin 2012 ishte konstatuar se ato janë gjithëpërfshirëse, objektive dhe të punuara në mënyrë kualitative dhe se ai përmban të gjitha aktivitetet të realizuara në vitin e kaluar përmes trupave dhe organeve të Lidhjes, si dhe aktivitetet e të gjitha shoqatave anëtare të saj. Ishte konstatuar gjithashtu se të gjitha detyrat e parashtruara programore janë realizuar me sukses. Udhëheqja e LShPM dhe udhëheqja e shoqatave janë angazhuar maksimalisht në mundësitë e tyre të realizohet ai, për ngritjen e standardit dhe kualitetit të jetës të anëtarësisë në nivel më të lartë.

Në diskutim për të gjitha dokumentet morën pjesë: Gjorgji Panov, Millorad Ristovski, Dançe Daskallovska, Bllagoja Angjushev, Gjorgji Serafimov, Zore Mickoski, Ilija Adamovski, Aleksandar Zahariev, Poliksena Tunteva, Jovan Damçevski, Milan Dimitrovski, Bllagoja Bojaxhiev, Besnik Pocesta dhe Metodija Toshevski.

Sa i përket llogarisë përfundimtare për punën financiare të LShPM për vitin 2012, ishte përfunduar që, me gjithë numrin e madh të aktiviteteve dhe manifestimeve domethënëse me të cilat ishin përfshirë pensionistët pothuajse nga të gjitha shoqatat e Lidhjes, Llogaria përfundimtare ishte me rezultat pozitiv, me çka mund të konstatohet se është punuar me nikoqirllëk dhe me përgjegjësi. Ishte potencuar se për këtë kishin kontribuar edhe donacionet nga Qeveria, Ministria e kulturës, Qyteti i Shkupit, nga pushteti lokal të më shumë qyteteve në Maqedoni si dhe nga angazhimi i LShPM.



Raporti për punën e LShPM për vitin 2012 dhe Llogaria përfundimtare ishin aprovuar njëzëri me konkluzionet dhe rekomandimet prej të cilave nga më të rëndësishmet veçojmë:

1. KE dhe udhëheqja e LShPM në raport me organet qeveritare dhe udhëheqësit e partive politike ta forcoj nismën dhe të realizoj kontratë për listat zgjedhore të partive politike për të gjitha ciklet e ardhshme në nivel lokal dhe qendrorë të kandidojnë edhe anëtarë të organizatave të pensionistëve. Gjithashtu, në trupat dhe organet lokale dhe republikane, si dhe në OD të organizatave komunale të përfshihen edhe kandidat nga radhët e organizatave të pensionistëve. Posaçërisht, Kuvendi kërkoj, udhëheqësja të angazhohet tek Qeveria për zgjidhjen e çështjeve për sigurimin e lokaleve të punës për punën e Lidhjes.

2. Kuvendi i LShPM, rekomandon KE dhe organeve të shoqatave në korniza të Programit për punë në vitin 2013, ta zgjerojnë dhe thellojnë dhe intensifikojnë bashkëpunimin me organet shtetërore dhe organet e vetëqeverisjes lokale me qëllim të zgjidhjes së çështjeve socio-ekonomike për mbajtjen e standardit të pensionistëve, ndërtimin e shtëpive për persona pleq dhe pensionistë, sigurimin e lokaleve dhe kushteve për klube të pensionistëve etj.

3. Kuvendi i LShPM i rekomandon KE dhe udhëheqjes që t'i shpejtoj aktivitetet për procedimin e Ligjit për organizimin pensionist, ndërkaq shoqatat e pensionistëve anëtare të LShPM t'i dërgojnë programet e tyre për punë deri te Lidhja me qëllim që të mund të sinkronizohen dhe koordinohen disa aktivitete të ngjashme. Kuvendi konkludoi që, deri në sjelljen e Ligjit për organizimin pensionist ta ngrijë pranimin në anëtarësi të Lidhjes shoqatat e pensionistëve të cilat paraqiten si shoqata paralele në komunat.

4. Kuvendi kërkon që KE i LShPM ta koordinojë aktivitetin e në sferën materiale dhe të përgatit kontratë për rregullimin e marrëdhënieve në planifikimin dhe shfrytëzimin e mjeteve dhe bashkëpunimin e ndërsjellë.

Më pastaj, në seancë ishte sjellë Programi i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve për vitin 2013, Plani financiar i LShPM për vitin 2013. Arsyetim për Programin dha Stanka Trajkova sekretar i KE të LShPM e cila i potencojë aktivitetet më të rëndësishme.

Në këtë seancë, për anëtare të reja të LShPM ishte pranuar ShP Zhivot - Butel, ndërkohë ishin verifikuar edhe mandatet e: Saltir Karovski nga ShP Nov Zhivot - Butel, Lube Bojkovski nga ShP Solidarni penzioneri - Ilinden dhe Ivan Korunovski nga ShP Demir Hisar për anëtarë të Kuvendit të LShPM, ndërsa për anëtar të ri të Këshillit mbikëqyrës ishte zgjedhur Mitre Stojanovski nga ShP Gazi Babë - Shkup, në vend të Tome Mazganski të cilit i ndërpritet anëtarësia. Në bazë të vërejtjeve të dhënave nga shoqatat dhe pas analizimit të tyre, kryetari i Komisionit për sport i KE të LShPM Zdravko Petkovski, propozoi ndryshime të caktuara në Rregulloren për organizimin dhe zhvillimin e garave, propozime të cilat u aprovuan. Seanca ishte konstruktive dhe u zhvillua shkëlqyeshëm duke i falënderuar përgatitjeve të cilat i bëri Këshilli Ekzekutiv në seancën e saj të 16-të.

**K.S. Andonova**

Ministri Zoran Stavreski dhe Spiro Ristovski në vizitë LShPM

# Realizim i premtimit

Më 6 të këtij muaji, zëvendësi i kryetarit të Qeverisë dhe ministër për financa, Zoran Stavreski, dhe ministri për punë dhe politikë sociale, Spiro Ristovski, patën takim me udhëheqjen e Lidhjes e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, në të cilën informuan se rreth 286 mi pensionist e fituan premtimin e rritjes së pensioneve dhe në llogaritë e tyre janë paguar mjete për pensionin e muajt shkurt e cila është rritur për 550 denarë, lineare për secilin pensionist.



Ministri Stavreski potencoi se rritja e pensioneve tërësisht është përputh në projektin e buxhetit për vitin 2913 dhe se pensionistët mund të jenë të qetë, sepse për çdo muaj edhe matej në kohë do t i marrin pensionet edhe atë të rritura për sasinë e dhënë më sipër. Ministri Stavreski kujtoi se, përveç rritjes së pensioneve, në periudhën e kaluar janë realizuar edhe shumë masa me çka përmirësohen kushtet për jetë të pensionistëve siç janë: ulja e çmimeve e ilaçeve, sigurimi i qëndrimit pa pagesë në spitalet, transporti publik pa pagesë, si dhe argëtimi klimatikë në banja.

Ministri për punë dhe politikë sociale Spiro Ristovski, në takim potencoi se Maqedonia është një ndër shtetet e rralla në të cilën ka rritje të pensioneve, për dallim nga shtetet tjera në të cilat ka ulje ose ngrirje të tyre. Fakti se në Maqedoni nuk është ashtu, është tregues i mirë për politikat e mira ekonomike të cilat realizohen në shtet. Kryetari i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë Dragi Argirovski, në këtë takim tregoi kënaqësinë e anëtarësisë për bashkëpunimin e mirë dhe bashkëpunimin dhe i njoftoi ministrat me aktivitetet më të rëndësishme të cilat janë realizuar në periudhën e kaluar, si rezultat, ndër të tjerat edhe për bashkëpunimin dhe mbështetjen. Kryetari i LShPM i njoftoi dy ministrat me disa pyetje dhe probleme të caktuara të cilat janë me rëndësi për pensionistëve dhe Lidhja., siç është sjellja e Ligjit për organizimin pensionist në Maqedoni, nevoja për renovimin e shtëpive të reja të pensionistëve dhe renovimin e atyre ekzistuese për personat pleq, problemi me hapësirat afariste i Lidhjes etj.

Në fund, zëvendës kryetari i Qeverisë së Maqedonisë dhe ministër i financave, Zoran Stavreski, ministri për punë dhe politikë sociale, Spiro Ristovski si dhe kryetari i LShPM Dragi Argirovski, para gazetarëve dhanë deklarata, me të cilat i lajmëruan këto risi, duke theksuar se edhe përkrah rritjes së pensioneve për pesë për qind, është rritur edhe sasia e ndihmës sociale.

**Kalina Slivovska - Andonova**

# Kuvend vjetor i Shoqatës së pensionistëve dibranë

Dibër, 12 mars- Pensionistët dibran kanë aktivitete të shumta dhe shoqata e tyre funksionon dhe u mundëson të gjithë të drejtat që u takojnë me Ligj. Gjatë vitit të kaluar kjo shoqatë mundësoi përkrahje sociale dhe materiale për pensionistët me probleme materiale kurse pensionistëve të tjerë u mundësoi marrjen e artikujve të ndryshëm me këste. Mbi 2 mijë pensionistë të shoqatës Dibër - Qendër Zhupë, morën pjesë në të gjithë aktivitetet të Lidhjes të Pensionistëve të Maqedonisë, por patën edhe bashkëpunim të frytshëm me shoqatat simotra nga vendi si dhe nga shumë qytete të Shqipërisë.



Kjo mes tjerash u theksua në raportin vjetor që prezantoi kryetari i shoqatës Besnik Pocesta, i cili si nënkryetar i Lidhjes së shoqatave të Pensionistëve të Maqedonisë, shtoi se një domethënie të madhe për pensionistët ka edhe rritja e pensioneve dhe pozicioni i pensionistëve në vend. Pocesta foli edhe për aktivitete të shumta në pjesëmarrjen e pensionistëve në manifestimet kulturore dhe sportive. Një numë i madh i pensionistëve dibran janë aktiv në pjesëmarrje të aktiviteteve në fjalë, gjë që ndihmon edhe në mirëqenien shëndetësore të tyre, tha Pocesta.

Pocesta foli edhe për bashkëpunimin dhe domethënien e bashkëpunimit me shoqatat nga Shqipëria. Kemi një bashkëpunim të frytshëm me shoqatën e Pogradecit, por edhe me shoqata të tjera në Shqipëri tha Pocesta dhe shtoi se këto aktivitet do të vazhdojnë edhe gjatë këtij viti.

Duke përshëndetur të pranishmit sekretarja e Lidhjes së pensionistëve Stanka Trajkova, tha se pensionistët nuk janë faktor për situatën ekonomike në vend. Ata marrin mjetet e tyre dhe nuk dëmtojnë askënd, shtoi ajo. Ligji i ri i cili duhet të aprovohet gjatë këtij viti, mundëson një organizim të ri të pensionistëve. Ajo foli edhe për domethënien e Fondit të solidaritetit të pensionistëve.

Kryetari i Konfederatës të sindikatave të Shqipërisë në Pogradec, Nazif Daljani tha se në këtë Konfederatë merr pjesë edhe shoqata e pensionistëve. Ne kemi një domethënie të madhe si pensionistë edhe për marrëdhëniet bilaterale mes Maqedonisë dhe Shqipërisë, tha Daljani dhe shtoi se duke filluar nga viti 1995, një bashkëpunim shumë të mirë kanë edhe shoqatat të pensionistëve të të dy vendeve.

Një problem që u hap në Kuvendin vjetor ishte edhe problemi i pasurisë të patundshme respektivisht objekteve të shoqatave të pensionistëve në Maqedoni. Kryetari i shoqatës të pensionistëve të Gostivarit Nijazi Xhelili, tha se Qeveria është duke marrë objektet të shtëpive të pensionistëve e edhe pse ata janë ndërtuar me mjete të pensionistëve para shumë dekadave. Ai shtoi se kjo dukuri duhet të ndërpritet meqë nuk ka logjikë këta objekte t'ju merren shoqatave të pensionistëve.

**Vjollca Sadiku**

Shoqata e pensionistëve të komunës Saraj

# Rezultate të lakmueshme

Më 20 mars të vitit 2013, u mbajt seancë e Kuvendit ShP së pensionistëve të komunës Saraj. Në rend të ditës ishin pikat: Verifikim i mandatit të një anëtari të Kuvendit; Raporti për punën e shoqatës për vitin 2012; Programi për punë në vitin 203; Raporti financiar për vitin 2012 dhe Plani financiar për vitin 2013.



Në këtë seancë morën pjesë edhe: kryetari i LShPM Dragi Argirovski, kryetari i Kuvendit të LShP të Shkupit dhe i KE Kërste Angelovski, kryetari i KE të ShP Gjorçe Petrov, Metodija Novkovski, kryetari i Kuvendit të ShP Tetovë Gojko Eftov dhe Shaban Azizi, kryetar i KE i ShP Tetovë, anëtari i KE të ShP Tavtalixhe Simeon Delevski, dhe kryetari i ShP të Gostivarit Nijazi Xhelili me sekretarin e tij. Në seancë mori pjesë edhe kryetari i komunës Saraj Bekim Murati.

Fillimisht, të pranishmit i përshëndeti kryetari i ShP të komunës Saraj Rufat Ramadani i cili dha raport për punën e shoqatës për vitin 2012. Ai, ndër të tjerat përmendi sukseset dhe vështirësitë në punën e shoqatës. Theksoi për aktivitetet e KE të shoqatës, funksionin e shoqatës, aktivitetet në lëmin e pushimit, rekreimit dhe jetës kulturore-zbavitëse, për aktivitetet sportive, informimin, bashkëpunimin etj.

Bekim Murati, kryetar i komunës Saraj, pasi përshëndeti të pranishmit, ndër të tjerat theksoi mbështetjen maksimale të ShP Saraj në çdo aspekt që është e mundur edhe në të kaluarën e atë do ta bëjmë edhe në të ardhshme. Ai theksoi se së shpejti do të fillojë ndërtimi i objektit të ri i komunës dhe me këtë rast do të sigurojmë lokal edhe për shoqatën e Pensionistëve.

Kryetari i LShPM Dragi Argirovski, uroi për rezultatet e arritura të ShP të komunës Saraj, dhe më pas dha disa të dhëna lidhur me punën e LShP të Maqedonisë. Ai ndër të tjerat përmendi: shërimin pa pagesë të pensionistëve me pensione të vogla, shërimi në banja, lirimi i çmimeve të barnave, përfshirja në strukturat e Lidhjes edhe të shqiptarëve etj.

Në diskutim morën pjesë edhe: Kërste Angelovski, Nijazi Xhelili, Shaban Azizi, Metodija Novkovski, Simeon Delevski, Fetah Demiri, Gani Ismaili dhe Baki Bakiu.

Pas diskutimeve, raporti nga kuvendarët u aprovua njëzëri.

Edhe dokumentet tjera në rendin e ditës u pranuan njëzëri. **Baki BAKIU**

## ShP Kërçovë

# Filluan përgatitjet për garat sportive

Më 2 mars të vitit 2013, në fshatin Gorni Dobrenoec rrethina e Kërçovës, u mbajt takim i përbashkët regjional me kryetarët e Shoqatave të pensionistëve, si dhe me kryetarët e komisioneve për sport dhe rekreim nga regjioni i katërt. Në takim ishin të pranishëm Gjorgji Tërpçevski, Stefan Vlladimirov, Risto Trajkoski nga Shoqata e Ohrit dhe Debërcës, Ramiz Qazimovski nga Shoqata e pensioniste Labunishtë, Liman Pollozhani, Kërste Jovanoski, Millorad Tërposki dhe Toni Mateski nga ShP Strugë, Irfan Ushtelenca nga ShP Dibër, Ilija Lazeski dhe Arso Zdravevski nga ShP Makedonski Brod, ndërkaq nga ShP Kërçovë si nikoqir ishin: Lubomir Lukaroski, Sllobodan Bogoeski, Dushan Ristoski dhe Vllado Veljanoski.

Takimin e hapi kryetari i ShP Kërçovë Lubomir Lukaroski i cili përshëndeti mysafirët dhe ju dëshiroi qëndrim të këndshëm në ambientin prespan në fshatin Gorni Dobrenoec, vendosur nën lumin Studençica.



Me takimin udhëhoqi koordinatori për sport dhe rekreim nga regjioni i katërt profesor Ivan Dojçinoski nga ShP Ohër dhe Debërcë. Para të pranishmëve ishte shqyrtuar raporti nga takimet e 17-ta republikane për sport dhe rekreim. Më pastaj ishte formuar trup koordinues prej pesë anëtarësh i cili do të përcjellë përgatitjet për garat regjionale sportive të regjionit të katërt, aktivitetet e të cilit do t'i koordinoi profesor Ivan Dojçinoski.

Të pranishmit, njëzëri përkrahën aplikimin parashtruar nga ShP Ohër dhe Debërcë që të jenë nikoqir të Garave sportive republikane në këtë vit.

Në fund, mysafirët vizituan rrethinën e fshatit Gorni Dobrenoec, si dhe kultivimin e peshqve pastërmkë të lumit dhe kalifornik.

**A. Ristoska**

ShP Gjorçe Petrov – Seanca e shtatë e Kuvendit

# Bashkë do të jenë më të fuqishëm

Kuvendi i ShP Gjorçe Petrov, më daën 5 të këtij muaji mbajti seancën e shtatë, e cila punën e zhvilloi në dy pjesë: pjesën solemne dhe atë të punës. Në pjesën solemne të seancës njëzëri ishte sjellë Vendim për bashkimin e Shoqatës me ato të pleqërisë dhe pensionistëve familjarë në njësinë e vetëqeverisjes lokale Gjorçe Petrov në Shoqatën e pensionistëve Gjorçe Petrov. Më pastaj ishte verifikuar mandati i anëtarëve të rinj të Këshillit ekzekutiv. Ishte sjellë edhe vendim për emërimin dhe plotësimin e Statutit të Shoqatës së pensionistëve. Në pjesën e dytë të seancës ishin shqyrtuar: Raporti për punën në vitin 2012, Raporti për punën financiare në atë vit, Programi për punë në vitin 2013 si dhe Raporti financiar dhe Raporti i Këshillit ekzekutiv.

Në seancë morën pjesë edhe përfaqësues nga shoqatat e pensionistëve Tetovë, Saraj dhe Tavtalixhe. Fjalë hyrëse për materialet e propozuara dha kryetari i Këshillit ekzekutiv Metodija Novkovski. Ai, në fjalën e tij theksoi se viti i kaluar ishte më i suksesshmi në realizimin e detyrave programore.

Dragi Argirovski, kryetar i LShPM tregoi kënaqësi për arritjet dhe rezultatet e Shoqatës, e më pas informoi për aktivitetet e LShPM në vitin 2013. Duke marrë pjesë në diskutim Metodija Toshevski-nënkryetar i KE të LShPM informoi për aktivitetet programore të LShPM në viti 2013. Në fund ishin aprovuar të gjitha dokumentet.

**Lubinko Ristov**

# Билки против вирусите

Присутноста на вирусите во нашиот организам е здравствен проблем дури и тогаш кога не предизвикуваат никакви симптоми на болест, бидејќи тие се опасни по својата природа и кога се тивки. Вирусите се предизвикувачи на бројни оштетувања и ненормални биохемиски процеси во клетките. За нивната подмолност говори и фактот дека и современата медицина се уште нема делотворни лекови против нив.

За среќа, како и секогаш, природата нуди ефикасно решение.

**Мачкина канџа (Uncaria tomentosa)** - Мачкината канџа (Uncaria tomentosa) е една од најделотворните билки со противвирусно дејствување. Јужноамериканските Индијанци ја користеле уште пред 2000 години. Оваа билка ги уништува вирусите, но и ги намалува воспалувањата, дејствува против создавањето тумори, а според некои понови истражувања ефикасна е и против вирусот САРС.

Билката влијае на имунолошкиот систем така што го поттикнува создавањето на лимфоцитите и ја јакне нивната функција.

**Маслинка** - За противирусно дејствување на маслинката одговорна е еленолната киселина која го кочи размножувањето на вирусите, како и создавањето на транскриптазата и протеазата – ензими кои ги користат некои вируси за да ги оштетат здравите клетки. Со забавување на размножувањето на вирусите, состојките од листот на маслинката му даваат доволно време на организмот да тргне во напад и да ги уништи.

Маслинката помага и во лечењето на херпесот и на други вирусни заболувања, потоа на грип настинка, габични инфекции, хроничен замор и алергии, а дејствува дури и на вирусот HIV.

Состојките од листовите на маслинката влијаат така што го инактивираат дејствувањето на антибиотиците, па со тоа производите на база на маслиновите лисја не би требало да се земаат во исто време кога се земаат и антибиотици.

**Цвет од бозел** - Цветот од бозел, е една од најпознатите лековити билки, а многу често е дел од домашната аптека. Бозелот се прославил во народната медицина, а го препорачува и познатиот германски лекар Кнеипр, најмногу поради неговата единствена моќ во лекувањето на настинката, грипот и висока температура. Современата наука ја разјаснила тајната на дејствувањето на бобинките на бозелот. Утврдено е дека бозелот има способност да го оневозможи продорот на вирусите во клетките и нивното размножување внатре во нив.

Бозелот особено влијае на вирусите кои предизвикуваат настинка и грип, а докажано е дека дејствува и на вирусот Herpes simplex, како и на некои други видови. Бобинките од бозелот имаат и силно антиоксидансko дејство и го намалуваат севкупното ниво на оксиданскиот стрес.

**Ehinacea** - Ehinacea е најпознатa билка која го јакне имунитетот, и е билка чии состојки придонесуваат за зголемување на бројот на имунолошките клетки кои се одговорни за инактивација на вирусите и на бактериите. Докажано е дека ehinacea ефикасно влијае кај акутните инфекции на дишните патишта, вклучувајќи го грипот, настинката, бронхитисот, синуситисот, тонзилитисот, воспалувањето на увото и друго. Најдобро е да се употребува при првите симптоми на болеста.

**7. Црн ким** - Старите народи сметале дека маслото од црниот ким е лек за сите болести. Преку 200 најнови истражувања го потврдиле неверојатното лековито дејствување на оваа билка. Поради својот богат хемиски состав (содржи преку 100 активни состојки), црниот ким влијае на широк спектар болести. Благотворно дејствува на дишниот, дигестивниот и уринарниот систем. Го јакне имунитетот, лечи бронхитис, хронично кашлање и емфизем. Дава одлични резултати во лекувањето на алергијата и астмата. Дејствува како природен антибиотик кој нема штетни последици, па затоа може да се користи во сезоната на грип и настинки, а може да се дава и на децата.

Се вели дека нападот е најдобра одбрана. „Вооружете" се со некои од овие билки и нападнете ги вирусите за да си го сочувате здравјето. Билките се поефтини од синтетските фармацевтски лекови и имаат помалку штетни последици. Сепак имајте на ум дека со нив не треба да се претерува и да не се земаат неконтролирано.

**Подготвила Т. Гавровска**


СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ОЧНИ БОЛЕСТИ

доктор СЕРАФИМОСКИ

ВРШИМЕ ОПЕРАЦИЈА НА КАТАРАКТА
ПРЕКУ ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

✆ 3216 212


# Арониja, сибирска боровница - зрно полно здравје



Сибирска боровиница или народски позната како аронија, е растение кое едноставно претставува антиоксидантна бомба за организамот. Аронијата е интересно растение бидејќи него не го напаѓаат штетници, па затоа и нема потреба да се заштитува со штетни пестициди, што само ја потврдува неговата безбедност по здравјето. Ова растение е исто како и обичната боровница која ја познаваме и многу тешко е со око да се забележи разликата.

Аронијата е донесена од Северна Америка, а сибирска боровница е наречена поради тоа што прво била донесена во Русија и тоа во Сибир.

Аронијата е многу издржливо растение бидејќи може да издржи температура до 45 степени под нулата. Аронијата е овошје кое до неодамна воопшто не беше проучено. Има извонредни лековити својства, а древните Индијанци го користеле за подготовка на многу разни лекови и други состојки кои секојдневно ги употребувале. Според најновите истражувања, сибирската боровница е одлична во справувањето со слободните радикали во организамот. Богата е со флавоноиди, биофеноли, витамин Ц, витамин А, витамин Б6, Б12, Б1, калциум, калиум, манган, фосфор... и уште многу други корисни витамини и минерали кои се вистински благодет за организамот.

Идеално би било кога човекот би можел да јаде барем по 20 грама дневно од ова овошје – велат научниците. Тие го потврдуваат благотворното дејство на аронијата во борбата против разни карциноми, особено карцином на дебелото црево. Најзначајни придобивки кои аронијата може да ви ги понуди се:

– Подобрување на циркулацијата
– Ослободување од слободните радикали во организамот
– Аналгетско дејство – Благотворно дејство кај луѓето кои патат од мигрена
– Го ослободува организамот дури и од тешките метали
– Го потикнува зараснувањето на раните
– Го подобрува метаболизмот
– Го јакне имунитетот
– Поволно делува врз целиот гастро–интестинален систем
– Спречува дијареа и опстипација
– Ја штити тироидната жлезда
– Го штити панкреасот и црниот дроб
– Штити од УВ зрачења и спречува настанување на брчки

Аронијата или сибирската боровница цвета во мали бели цветови во гроздови. Листовите на почетокот се темно зелени, а подоцна стануваат светли, па жолтеникави се до темно црвени. Плодовите најпрво се зелени, а потоа стануваат црвени, се до потполното зреење кога ја добиваат нивната карактеристична и препознатлива боја. Аронијата или сибирската боровница е растение кое има исклучително магичен ефект за здравјето бидејќи секое зрно кое ќе го земете претставува зрно здравје за вашиот организам.

**З. Кацеска**

# Тест за предвидување на срцев удар!

Срцевиот удар најчесто напаѓа без најава и ненадејно, но според најновото откритие на научниците, наскоро ќе може инфарктот да се утврди со помош на предвидување со тест.

Студијата открила дека со тест на крв лекарите многу брзо можат да откријат дали одредено лице кое чувствува болка во градниот кош е изложено на ризик од срцев удар. Овој тест вклучува пронаоѓање на одредени клетки во крвта од коронарната артерија, за кои научниците утврдиле дека неколку дена пред срцевиот удар невообичаено се големи и со поинаков облик.

– Тестот со кој може да се предвиди срцевиот удар е незадоволена потреба во медицината. Кога би знаеле дека пациентот ќе добие срцев удар, би можеле да го спречиме настанувањето на згрутчувањата. Имаме силни лекови кои спречуваат настанување на згрутчувањата, но проблем е што не знаеме кои пациенти треба да ги лекуваме – вели д–р Ерик Топол, водач на истражувањето.



Во моментов постојат низа тестови кои лекарите ги користат кога ќе им се јави пациент со болки во градниот кош. За жал, тие тестови можат да го покажат само постојното оштетување на артериите, и да утврдат дали пациентот во моментов доживува срцев удар или неодамна го доживеал. Бидејќи сегашните испитувања на многу пациенти кои се жалат на болки во градниот кош не покажуваат оштетување на артериите, лекарите ги праќаат дома, а тие честопати неколку дена подоцна доживуваат срцев удар.

Како што истакнува д–р Топол, неколку дена пред срцевиот удар, коронарната артерија на пациентот е под силно воспаление, а крвното згрутчување ја затвора артеријата. Со желба навремено да се открие воспалението на артеријата, д–р Топол и неговиот тим проучувале 50 пациенти во раните минути од срцевиот удар. По земањето на примерок од крвта и изолирањето на клетките кои доаѓаат од внатрешноста на артеријата, клетки познати како циркулирачки ендотелни клетки (CEC), лекарите утврдиле дека лицата кои доживеале срцев удар имаат дури 400 отсто повеќе клетки CEC, но и покрај што ги има многу, биле и видоизменети.

Научниците сметаат дека со тестот конечно ќе можат да бидат попрецизни во откривањето на потенцијален срцев удар, која можност им ја овозможува новиот начин на дијагностицирање.

**М. Дамјаноска**

# Поинаков обид за лекување на рак според Јон Хопкинс

Кај секој човек во текот на неговиот живот клетките на ракот се појавуваат од 6 до 10 пати. Кога имунолошкиот систем на човекот е доволно силен, клетките на ракот тој ги уништува и го спречува нивното размножување.

Кога лицето има рак, тоа е знак дека дошло до некакво пореметување во организмот. Причините можат да се бараат во наследните особини, во животната средина, во храната и начинот на исхрана, како и во начинот на живот. Заради надополнување на ова намалување, а и заради подобрување на имунолошкиот (одбранбениот) систем, потребно е најнапред да се смени исхраната.

Хемотерапијата претставува уништување на клетките на ракот, но исто така и уништување на здравите клетки во коскената срж и во дигестивниот тракт (хранопроводниот систем). Со хемотерапијата може да дојде до оштетување и на црниот дроб, на бубрезите, срцето, белите дробови итн. Со зрачењето пак, покрај уништувањето на ракот, се согоруваат и се оштетуваат и здравите клетки и органи.

На почетокот од хемотерапијата и зрачењето се намалува големината на туморот. Меѓутоа, со натамошната примена на хемотерапијата и зрачењето нема повеќе резултати во однос на отстранувањето на туморот. И не само тоа, туку кога во организмот ќе се создаде вишок отрови, тогаш имунолошкиот систем бидува растроен, дури и уништен, што доведува до тоа болниот од рак да биде под влијание на различни видови инфекции и други компликации. Исто така, поради хемотерапијата и зрачењето може да дојде до мутација (промена на правилниот состав на клетките), кои стануваат отпорни и тешко се уништуваат. Дури и со операцијата понекогаш може да дојде до ширење на келтките на ракот низ организмот.

**Основна препорака е да не се хранат клетките на ракот за да не можат да растат и да се размножуваат. За таа цел внимавајте на следните факти:**

**1. Шекер** – Исфрлете го шекерот од исхраната, бидејќи со шеќер се хранат келтките на ракот. И вештачките замени за шекер исто така се штетни. Подобри се природните замени за шеќер , но и нив земајте ги во многу мали количини.

**2. Кујнска сол** – Солта содржи штетни додатоци од кои добива бела боја. Наместо вакв**а** сол се препорачува морска сол;

**3. Млекото** го поттикнува организмот да создава слуз, особено во дигестивниот тракт (хранопроводниот систем). Ваквата слуз ги храни келтките на ракот;

**4. Месо** – Клетките на ракот бргу се развиваат во кисела средина. Јадењето месо доведува до кисела средина и поради тоа е подобро да се јаде риба или пилешко месо наместо јунешко или свинско месо. Месото исто така содржи антибиотици што и се даваат на стоката, хормони за растење и паразити. Сите овие компоненти се штетни, особено за заболените од рак;

5. Исхрана што се состои од **80% свеж зеленчук и сокови од зарзават, жито, житни 'ркулци и малку овошје**, во организмот создава алкална средина. 20% од исхраната може да биде варена храна, вклучувајќи и грав. Соковите од свеж зеленчук произведуваат живи ензими (активни состојки во храната) кои лесно се апсорбираат и за најмногу 15 минути стигнуваат до клетките, со што се хранат здравите клетки и се поттикнува нивното растење и развој. За на живите ензими да им се овозможи создавање на здрави клетки треба да се прави обид да се пијат свежи сокови од различен зарзават. Треба да се јаде свеж зарзават два–три пати на ден. Притоа, треба да се има предвид дека живите ензими се уништуваат на температури над 40 степени Целзиусови.

**6. Треба да се избегнува чај, кафе и чоколадо** поради тоа што имаат доста кофеин. Само зеленoт чај има состојки што помагаат во борбата со ракот. Треба да се пие негазирана или филтрирана вода, со што се одбегнуваат отрови и тешки метали да се внесат во организмот. Дестилираната вода е кисела и треба да се одбегнува.

7. Протеините од месото се тешко сварливи, односно е потребно многу време за нивното варење во организмот. Несварената храна останува во систем за варење и создава дополнителни отрови. Ѕидовите на клетките од ракот се покриени со отпорен протеин. Со **воздржување од земање месо** се ослободуваат повеќе ензими што ги напаѓаат ѕидовите на клетките на ракот и овозможуваат пробивање на одбранбени клетки што, пак, ги уништуваат клетките на ракот.

**8.** Некои материи го зајакнуваат имунолошкиот систем (IP6 - inositol hexophosphate – состојка што се наоѓа во грав, зрнеста храна, зрнести плодови, семиња, ориз и пченични трици, пченка и сусам; половина лажица цели пченкарни зрна содржи 650 милиграми IP6), антиоксиданти, како и Есенцијални масни киселини – Омега 3 и Омега 6. Телото не може да ги создава само то и мораат да се внесуваат преку храна богата со нив. Извори на Омега 3 се: зрнеста храна, соја, ореово масло, ленено масло, мрсни риби од студени води, како: лосос, харинга, бакалар, риба лист, туна, сина риба и морски ракови. Омега 6 се наоѓа во зрнести производи, масла за јадење, особено маслиново, и во месо, минерали и друго, што на одбранбените клетки им овозможува да ги уништуваат клетките на ракот. **Витаминот Е** го потпомага уништувањето на клетките на ракот, што претставува нормална реакција на организмот во отстранувањето на оштетените, на непожелните и на непотребните клетки.

**9. Ракот претставува болест на умот, на телото и на духот.** Активното и позитивно размислување помага во совладувањето на ракот. **Лутината, неподнесувањето на околината и лошите мисли на телото му создаваат стрес и кисела средина.** Треба да се негува духот на љубов, разбирање и простување. Научете да се опуштате и да уживате во животот.

10. Клетките на ракот не напредуваат во средина во која има многу кислород. Со вежби и длабоко дишење до клетките се носи повеќе кислород. Терапијата со кислород ги уништува клетките на ракот. Затоа:

● Одбегнувајте користење на пластична амбалажа,
● Не замрзнувајте вода во пластични шишиња,
● Не користете пластични садови во микробранови печки.

При гореневедените постапки со пластична амбалажа се ослободува хемиска состојка **диоксин** која придонесува за создавање на рак, особено на белите дробови. Во однос на користењето на пластична амбалажа, се смета дека комбинацијата на пластика, мрсна храна и висока температура помага во ослободувањето на диоксин кој навлегува во храната и оттука во клетките на организмот. Наместо пластика се препорачува користење на стаклена амбалажа и керамички садови. Хартија може да се користи само ако се знае од што е направена. Таа може да се користи и за покривање на храната.

**Подготвил Владимир Павлевски (информациите се од Интернет)**




## ЗАНИМЛИВОСТИ

**Рубиковата коцка не е замислена како играчка**

Иако широко распространето е мислењето дека коцката му служела на Ерн Рубик за подобро да им ги објасни на своите студенти 3D објектите, вистината е малку поинаква. Вистинската употреба на Рубиковата коцка е во сфаќањето на решенијата за структуралните проблеми т.е. помагала при разбирањето како да се поместат одредени делови, без да се распадне целината. Самиот Рубик ниту ја сфатил, ниту ја создал играчката додека за прв пат не ги помешал боите и не се обидел повторно да ја состави.

**Поздравот „ало" е измислен затоа што никој не знаел како да започне телефонски разговор**

Телефонот го измислил Александар Грахам Бел, но „hello" (или „ало" на македонски) е изум на неговиот ривал Томас Олв Едисон, којшто го развил телефонскиот систем во САД. Инаку, Бел инсистирал дека правилниот начин на јавување по телефон е „Ahoy"!

**Гајдите ги измислиле Персијците, не Шкотите**

Во почетокот, гајдата веројатно била прилично неугледен инструмент составен од цевка направена од трска, забиена во вреќа од козја кожа. Како што се ширела цивилизацијата од Блискиот Исток кон Средоземјето, така луѓето со себе ги носеле своите музика и инструменти.

**Кошарката ја измислил канадски лекар**

Првиот кошаркарски натпревар во којшто играле две екипи со по девет играчи одржан е на 21. декември 1891 година. Конечниот резултат бил 1:0.

**Апаратот за шеќерна волна го измислил - стоматолог**

Една од посластиците во коишто уживаат децата што истовремено помага во создавањето кариес на забите, настанала токму благодарение на човекот чијашто работа била „спасување" на забите. Имено, токму забар во почетокот на 20. век го измислил апаратот за шеќерна волна.

**Бејзболот почнал да се игра во Велика Британија**

Иако се работи за еден од најпопуларните спортови во САД, во некои записи од 18. век експертите пронашле податоци дека бејзболот се играл во Велика Британија многу пред Американците да станат независни.

**Првиот бумеранг е пронајден во Полска**

Бумерангот е традиционален сувенир, оружје, но и симбол на Австралија, но археолозите во Полска откриле бумеранг стар околу 30000 години, додека најстарите австралиски бумеранзи имаат „само" 10000 години.

**Хероинот како лек за настинка**

Познатата фармацевтска компанија што се прославила ширум светот по изумот на Аспиринот, всушност го измислила и хероинот што се претставувал како лек за настинка.

**Пластелинот е средство за чистење тапети**

За да се збогати, изумителот Џо Мек Викер го создал пластелинот како средство за чистење тапети. Но, набрзо открил дека пластелинот може да послужи и како играчка за деца, па одлучил да продолжи во таа насока.

## КРСТОЗБОР




## Хумор

Трпе фатил златна рипка...
– Пушти ме, ќе ти исполнам три желби!
– Сакам добра кола!
– А сакаш на лизинг или во кеш?
– А ти сакаш на скара или во тавче?

* **

Гатачка му гледа на Трпе на дланка:
– До 40 години нема да имаш пари. И мнооооогу ќе се секираш.
– А после?
– После? После ќе се навикнеш.

* **

Полицијата фатила крадец кој ограбил банка и го извела пред суд.

Судијата: Дали сакаш да ги вратиш парите и да те пуштиме или да одлежиш робија?

Крадецот: Почитуван судија, ако имав намера да ги вратам парите, ќе земев кредит.

* **

Која е разликата меѓу комарец и жена?
– Комарецот нервира само преку лето.

Синот довел дома три девојки. Уште од вратата ѝ вика на мајка му: Мамо, ај погоди која од овие три ќе ти биде снаа?
– Оваа третата, црнката – рекла мајката.
– Е браво, од прва. Како ја погоди?
– Што знам, само што ја видов некако почна да ме нервира.

* **

Цветко го прашува Трпе:
– Абе, што си таков во окото?
– Инфекција од мислење.
– Како бе од мислење?
– Така, мислев дека Трпана ќе ме промаши со пепељарата.

* **

Разговараат двајца свештеници.

– Леле, знаеш што ми се случи вчера? Требаше да се видам со една од калуѓерките, влегувам кај неа во соба, а таа гола на креветот!
– И, што направи?
– Ја покрив, што друго. А ти што би направил?
– Па истото. Би лажел.

* **

Прашуе га учителка малога Перица:
– Имаш седам јабуке и ја те замолу да ми дадеш две. Колку ќе ти останев?
– Седам. Не давам.

## Лавот и мечката




Тргнале лавот и мечката низ шума да бараат јадење. Потем виделе едно дебелко еленче, па лавот од едната, мечката од другата страна, го заобиколиле, го фатиле и го убиле. Почнале да се препираат како да го разделат. И обајцата биле многу гладни и им се чинело дека половина им е малку. Секој сакал да го добие целото еленче и затоа почнале да се тепаат. Се тепале, се тепале, додека не паднале капнати. Лисицата видела се што станало и кога лавот и мечката паднале, таа се доближила до отепаното еленче и го одвлекла, а лавот и мечката останале без јадење.

На 4 јуни во Универзална сала во Скопје

# Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри

Делегација на СЗПМ предводена од претседателот Драги Аргировски неодамна ја посети Дирекцијата на Универзалната сала во Скопје при што на директорката Вера Бошковска и беше врачена благодарница за придонесот на оваа институција во успешното организирање на минатогодишната Републичка ревија на песни, музика и игри, по повод десетодишниот јубилеј на оваа значајна културна пензионерска манифестација.



Потоа беше договорено Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2013, да се одржи на 4 јуни во Универзалната сала во Скопје. Се очекува нов успех, дотолку повеќе што оваа пензионерска манифестација Министерството за култура ја прогласи за национален интерес на културата.

Гостите беа информирани и за подготовките за одржување на манифестацијата „50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје" во чија програма се очекува да учествуваат скопските пензионерски ансамбли и поети. Секако, тие ќе бидат најрелевантните учесници во овој настан, бидејќи најмногу го паметат скопскиот земјотрес што се случи пред пет децении.

Инаку, од 20 април до 20 мај годинава ќе се одржат и шесте регионални ревии на песни, музика и игри во Велес, Радовиш, Охрид, Гостивар, Делчево и во Домот на АРМ во Скопје (домаќин ЗП Кисела Вода).

**И.Г.**

# Лика и како пензионерка продолжува да слика

Велика Глигорова – Лика е пензиониран ликовен педагог и сликарка по определба и по вокација. Тоа е В.

Лика е кратенка од нејзиното име Велика, но асоцира на лик, лика, слика, сликарка и уметност. Еве го нејзиниот краток животопис:



– Родена сум во с. Негорци – Гевгелија, кое се наоѓа непосредно до Негорските бањи, надалеку прочуени по своите топли и лековити води, во подножјето на гордиот Кожув. Основно образование завршив во родното место и уште тогаш, пишувајќи состав за моето идно занимање, напишав дека се гледам крај штафелајот со сликарска четка, како ги пренесувам на платно питомината, сончевината, колоритот, мирисот на Медитеранот, на јужното небо и белините на снеговите на Кожув. Од финансиска причина, завршив гимназија во блиската Гевгелија, но, љубовта кон уметноста не ме напушти и затоа студирав на Педагошката академија – група ликовна уметност во Скопје. Работев како наставник по ликовно воспитание се до пензионирањето. Веќе неколку години сум во пензија.

Бидејќи уметноста ми стана животна определба и професионална преокупација, со љубов и посветеност кон својата струка ги улатував моите ученици во тајните на уметноста. Учествувавме на многубројни конкурси и изложби во земјава и во странство и се здобивме со значајни награди и признанија. Со гордост можам да кажам дека мотивирани и поттикнати од мене, десетина мои ученици се посветија на уметноста, станаа академски сликари и творат во Македонија и надвор од неа.

Покрај работата со децата, секој слободен момент го користев за ликовно творење. Во почетокот, главна преокупација ми беше реалното прикажување на мотивите – пејзаж, мртва природа, цвеќе, а посебно манастирите во Македонија. Подоцна моите имагинации ги пренесував на апстрактен начин, ама главно останувам на реализмот во сликарството. Имам неколку самостојни изложби во: Неготино, Кавадарци, во галеријата „КО–РА" – Скопје, Кочани, Свети Николе, Гевгелија, во изложбата на жени сликарки во Скопје и други. Учевствував на ликовните колонии „Дојрана" – Гевгелија и „Македонски зограф" – Берово. Добитник сум на бројни награди и признанија.

Како што реков, веќе неколку години сум пензионерка, но и понатаму сум со четката и со платната. И понатаму се дружам со моето хоби и мојата љубов сликањето кои ме исполнуваат и ми ги разубавуваат пензионерските денови. Нашата земја е полна со убавини. Многу манастири зборуваат за духовното богатство на нашите предци, на традицијата и на духот на нашиот народ. Јас тоа го сликам со желба да се зачува од заборав, бидејќи тоа е дел од нас, од нашиот идентитет.

Им препорачувам на сите пензионери да не престануваат со творење и со реализирање на своите дарби и афинитети и во третата доба од својот живот. Дури и ако немале време за нешто додека биле активно вработени, нека го прават тоа денес, со задоволство и со радост.

Поздравувајќи се со симпатичната брачна двојка Глигорови, им посакав добро здравје и активно стареење, а на Лика уште многу творечки резултати и успеси.

**Петар Стефанов**

# Алфред Вета - неразделен од диригентската палка





Професорот по музика и диригент Алфред Вета и 12 години по пензионирањето не ја остава диригентската палка. Оваа година се навршуваат четири децении откако е на чело на Градскиот дувачки оркестар, а од неодамна раководи и со мешовитиот хор на Евангелско–методистичката црква во Струмица.

Името на овој музички ентузијаст, хуманист, добротвор и човекољубец, популарен и познат меѓу сите возрасти и граѓански категории, Алфредо (како што од милост понекогаш го именува неговата достоинствена животна сопатничка сопругата Софијанка), го красат многу епитети поради кои го вбројуваме во најелитниот и авангардниот музичко–фолклорен ешалон на градот под Царевите кули.

По завршувањето на Музичката академија во Белград 1970 година Алфред Вета започнал со едукација на млади музичари од повеќе генерации на Нижото музичко училиште „Боро Џони" во Струмица, каде што извесно време бил и директор. Учествувајќи на врвни натпревари во класична музика на просторите во Македонија и поранешна Југославија струмичките генијалци ги исполниле училишните витрини со многубројни награди, пехари и признанија. Меѓу многубројните таленти кои произлегле од паралелките на Алфред Вета доволно е да се спомене Назим Агушев (сега покоен), основач на познатиот музички бенд од Струмица „Браќа Агушеви" и многу други. Алфред Вета во далечната 1957 година, бил еден од иницијаторите за основање на еден од првите не само во Македонија туку и пошироко, Диксиленд оркестар во Струмица, во кој свирел на труба. Со градскиот дувачки оркестар во изминатите 40 години настапува на сите прослави и свечености во Струмица. Оркестарот е редовен учесник на смотрите на дувачки оркестри што се одржуваат во Куманово. На една смотра на плоштадот во Куманово, струмичкиот диригент ја имаше честа да биде на чело на големиот заеднички оркестар составен од 200 членови од сите 8 оркестри учесници на смотрата согласно пропозициите.

Дружељубивиот Алфредо, повеќегодишниот член на ФК „Беласица" високо ги крена рацете и пред големиот хор составен од струмичките фудбалски фанови на „Маракана" во Белград на 8 септември 1973 година, кога нивниот миленик Благој Истатов го одбрани ударот од 11 метри на Богичевиќ во 53–то меѓусебно дерби на Црвена Звезда и Партизан. Имено, по громогласните аплаузи од партизановите навивачи на „Маракана" наеднаш завладеа вистински молк. Едновремено, од централниот дел на јужната трибина, од неколку десетици грла започнаа да се шират мелодичните звуци на струмичката химна – Еден прекрасен ден, под кулите на Струмица... на кои им се придружи голем дел од публиката. По завршувањето на песната следуваше награда со френетични аплаузи од целиот стадион.

Градскиот дувачки оркестар од Струмица со диригентот Алфред Вета меѓу првите ја има интонирано македонската државна химна „Денес над Македонија се раѓа", пред построената за прврат почесна воена единица со ознака на АРМ со македонското знаме и сите државни обележја. Тоа се случи на 17 март 1992 година кога струмичките музичари на аеродромот „Скопје" учествуваа на свечениот пречек на државната делегација од Република Словенија на чело со претседателот Милан Кучан, прва државна делегација што ја посети самостојна суверена Република Македонија.

Енергичноста и виталноста што и денес го красат ликот на Алфред Вета веројатно се всадени кај него уште во раната младост кога бил активен член на ДТВ „Партизан" од Струмица. Голобрадестото момче со неполни 16 години во мај 1954 година на аеромитингот во Сачево кај Струмица меѓу првите членови на струмичкиот Аеро клуб направил скок со падобран. Во август истата година учествувал на Републичкото пливачко првенство во Струга, рамо до рамо со нашите прочуени пливачи Атина и Дики Бојаџи, Нико Нестор и други, а во септември 1954 година ја претставувал Струмица на првенството во пливање што се одржа во Скопје.

**И. Станоев**

Средба со Мето Петровски

# Режисер и поет

Мето Петровски е македонски снимател, филмски и телевизиски режисер, еден од најплодните македонски филмски автори со творечки опус од над 60 документарни и кусометражни филмски остварувања, како и многубројни телевизиски емисии. По вработувањето во „Вардар филм" во шеесетите години од минатиот век, дебитирал со документарниот филм „Селидби", а со документарецот „Вирово" учествувал и на Филмскиот фестивал во Кан. На некогашниот Југословенски фестивал на документарни и кусометражни филмови во Белград, покрај бронзениот и сребрениот медал, двократен добитник е и на највисоката награда – Златен медал во категоријата на документарни филмови. Добитник е на голем број домашни и на меѓународни награди и признанија меѓу кои: Гран–при на Меѓународниот филмски фестивал во Краков – Полска, во Монпеље – Франција, Оберхаузен – Германија, како и на фестивалите во Крањ, Нови Сад, Тузла, Битола...



Пред две години, Кинотеката на Македонија, на Петровски му ја додели престижната годишна награда за животно дело за особен придонес во развојот на македонската кинематографија. Веќе неколку години овој голем македонски филмски автор ги ужива благодетите на заслужената пензија. Посебно се интересни неговите опсервации, од сегашна дистанца на „мирување", насочени кон низа теми што биле предмет на неговите документарци.

– Средбата со средината и луѓето, со човековата судбина, беа провокација за нови откривања. Во фокусот на опстојувањето на моето внимание секогаш бил човекот со сè она што го опкружувало, од неговиот социјален статус, па сè до она што го обликувало неговото секојдневие, неговата егзистенција, местоположба во сопствената работна и животна средина. Ако се обидеме низ филмското кажување да направиме една опстојна анализа на обичниот човек, работник, селанец, интелектуалец или пензионер, ќе се сооччиме не само со неговата личност, туку и со неговата природа, психологија, со неговиот општествен статус, – вели Петровски.

Повеќето телевизиски и филмски автори, според мислењето на овој наш истакнат режисер, настојуваат да го поттикнат човекот да ги ослободи сопствените стеги, за да може да го открие својот карактер, својата личност, своите скриени чувства... На тој начин тој го окупира и возбудува гледачот, емотивно принудувајќи го да се идентификува со неговата судбина.

Денес како пензионер, себе си, своите скриени чувства, познатиот филмски и телевизиски режисер, ги открива со пишувањето поезија, за која вели дека е нов предизвик кој го релаксира и му го збогатува животот.

**Зорица Стојановска**

Во Велес

# Блакцата на баба 18-ти пат



Петстотини пензионерки од дваесетина градови во Македонија уживаа, пееја, играа на 18–тата манифестација „Благцата на баба" која имаше и хуманитарна нитка. За значењето на оваа манифестација говореше претседателот на ЗП Велес **Љубомир Ѓоргиев, Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ и поранешниот градоначалник на општината Велес **Горан Петров**. Гостите ги вкусија многуте слатки, изработени по рецептите на нивните баби, извадени од пожолтените домашни тефтери.



На масата можеа да се видат 50–тина блакца, нешто старо, но и нешто ново, за домаќинките кои сакаат да бидат во тренд. Собраните 15 илајди денари од продадените билети ќе бидат донирани на шестгодишниот Игор Пановски.

– Вообичаено за тоа на кого ќе ги намениме собраните средства се консултураме со Општинскиот Црвен крст и годинава решивме тоа да го сториме за малиот Игор, кој живее заедно со неговата самохрана мајка, и им се потребни за негова операција во Белград. На овој начин се придружуваме на проектот на учениците од градот, кои собираат пари за ова дете. Можеби средствата се симболични, но тоа го правиме од срце, – изјави **Марија Ѓорѓиева** претседателка на Активот на пензионерки од Велес.

**Божана Ќулавкова**

# Зелникот на баба

Годинава по вторпат во питомиот рударски град Пробиштип, се одржа хуманитарната манифестација „Зелникот на баба". Убавиот ден и топлото пролетно сонце и дадоа посебен сјај на оваа манифестација која покрај хуманиот карактер има за цел да ги зачува од заборав старите обичаи и традиции. Најнапред присутните ги поздрави во име на општината првиот човек на Пробиштип и им посака на присутните убаво да го поминат денот и да се дружат. На плоштадот имаше над 300 присутни од кои над 150 пензионери од 14 здруженија од регионот и тоа од градовите: Велес, Злетово, Неготино, Куманово, Кочани, Свети Николе, Кратово, Крива Паланка, Штип, Делчево, Виница, Македонска Каменица, од Скопје ЗП Кисела Вода и здружението на пензионери од градот домаќин. „Зелникот на баба" беше и меѓугенерациска манифестација бидејќи на истата присуствуваа генерации од 7 до 77 години: дечиња од градинките во цветни облеки и маски, ученици кои изведоа сплет од народни ора, пензионерски оркестри и групи, а пееше и нашата позната интерпретаторка, исто така, пензионерка, Блага Петреска.



На плоштадот имаше направено две традиционални етно соби. Во едната се замеси, иссука и испече под вршник зелник, а во другата се пржеа мекици. Сите изложени производи убаво аранжирани и изработени од вредните раце на пензионерките, беа многу брзо продадени што беше уште еден доказ за солидарноста и хуманоста на нашиот човек, а посебно на пензионерите.

Во убава атмосфера со звуците на групата „Амајлија" пензионерите дојдени во Пробиштип поминаа убав и пријатен ден, со песна, ора и дружење.

**К.С.А.**